**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Дваесет и шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 јуни 2003 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на РМ со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Макеоднија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Дваесет и шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Рафис Алити, Алија Ахмети, Агрон Буџаку, Елеонора Петрова-Митевска, Весна Борозан, Силвана Бонева, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Сашко Кедев, Слободан Најдовски, Ганка Самоилова-Цветанова, Трифун Костовски, Гајуп Сарач, Јордан Михајловски, Соња Липиткова и Христана Лалчевска, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по 23-та точка - **Нацрт на закон за народниот правобранител.**

Нацртот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени и поделени.

Отворам претрес по нацртот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Исмаил Дарлишта.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, донесувањето на Законот за народниот правобранител е определена од потребата за усогласвуање на одредбите на овој закон со амандманот 11 на Уставот на РМ и од исполнувањето на обврските од Рамковниот договор.

Собранието на Република Македонија на својата 16-та седница одржана на 17 и 18 април 2003 година го разгледа и усвои предлогот законот и притоа заклучи Владата на РМ да подготви нацрт на закон и да го достави до Собранието, имајки ги предвид сите предлози и сугестии кои беа дадени од страна на комисиите и од страна на пратениците.

Во расправата на предлогот за донесување на законот, како и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците така и во ЗПК недвојбено беше проценета потребата од донесување на овој закон, што претставува усогласување со амандманот 11 на Уставот на РМ и унапредување на организационата поставеност на народниот правобранител во правниот систем на РМ, како и зајакнување на заштитата и ставовите на правата на граѓаните.

При изготвувањето на нацрт законот, најголемо внимание се посвети на одредбата за канцелариите на народниот правобранител, при што, согласно укажувањата од расправата се заклучи во оваа фаза на постапката за донесување на законот да се предложи и алтернативна одредба, со што бројот на подрачните канцеларии ќе се зголеми за уште три, а со канцелариите би раководел заменикот на народниот правобранител.

Во однос на забелешката кој критериуми се земени во предвид при предлагањето во кои општини да се формираат канцеларии на народниот правобранител, при подготовката на законот се има предвид од една страна големината на градовите во РМ и бројот на населението, а од друга страна и статистичките податоци од годишните извештаи на народниот правобранител во изминатите години на функционирање кои беа разгледувани на седница на Собраието на Република Македонија.

Во тој контекс предложено е канцелариите на народниот правобранител, како негови внатрешни организациони единици да се отворат во општините во кои се регистрирани најголем број на поднесени претставки и од граѓани и во кои изминатиот период народниот правобранител организираше поголем број непосредни работни средби со граѓаните.

Предложениот текст на законот беше доставен на експертиза до експерти во Советот на Европа , така да истите се имаат предвид од утврдувањето на текстот на законот и изложените сугестии и забелешки се вградени во неговиот текст.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот министер.

Преминуваме на претрес.

Ова беше и воведно излагање.

Има збор господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Донесувањето на законот за народниот правобранител, претставува помеѓу другото и операционализација на амандманот 11 на Уставот на РМ и имплементација на Рамковниот договор.

Имено, со споменатите документи значително е изменета положбата, организационата поставеност и надлежноста на народниот правобранител во правниот систем на РМ, со нагласена улога за заштитата на слободите и правата на граѓаните пред органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

Добро е што овој предлог на закон, денеска веќе го имаме нацртот на закон на текстот , оди во оние фази во кое е предвидено , бидејки сметам дека станува збор за еден сериозен документ и во таа насока би сакал да истакнам неколку работи. Најпрво дека дел од забелешките на нас пратениците , било во комисиите, било на пленарната седница се веќе содржани во овој нацрт на закон, меѓутоа, исто така и на комисиите и вака меѓу нас самите колеги , посебно од еснафот, забележуваме одредени недостатоци кои лично сметам дека имаат простор за нивно вградување. Јас накратко и сите би ги изложил. Во членот 6 и понатаму останува одредбата дека за народен правобранител може да биде избрано лице кои ги исполнуваат општите услови определени со закон за заснивање на работен однос во орган на државната управа, односно дипломиран правник кој има работно искуство над 9 години на правни работи и т.н. Како знаеме дека за стручен соработник во судот или во јавното обвинителство во нашите органи се бара како задолжителен услов и положен правосуден испит, навистина не гледам ниту една причина зошто , ова беше истакнато и на минатата пленарна седница, зошто ваквата одредба не е содржана во овој нацрт на закон.

Во членот 24 мислам и понатаму дека народниот правобранител добива некое овластување, со кој директно се меша во ингеренциите на одредени државни органи. Имено, одредбата што остана да влезе во службени простории да изврши непосреден увид во предметите и работата од нивната надлежност. Или да повика на разговор избрано, или именувано лице, службено лице и секое друго лице што

може да даде определени податоци во постапката . Лично сметам дека оваа одредба треба да се преправи и да се дадат попрецизни упатства на кој начин, кога, во кое време и по кој налог да кажеме, иако народниот правобранител е самостоен орган, би можел истото да го направи. Вака излегува навистина дека добива едни прешироки надлежности и овластувања, и во таа насока мислам дека овој член треба да се корегира. Особено е за чудење членот 31, каде што се вели народниот правобранител особено ги следи состојбите на почитувањето и заштитата на уставните и законските права на приведените, притворените и лицата што издржуваат казна затвор. Се мешаме во ингеренција на едни сосема други органи, бидејки ако народниот правобранител има  такво овластување како што е предвидено во член 31 став 2, која е функцијата на истражниот судија кој дава се разбира, по барање на овластено службено лицеили на други органи посета во притворите и т.н.

Напротив, лично сметам дека комуникацијата треба да биде исклучиво по писмен пат и дека со тоа навистина се постигнува далеку поповолни ефекти. Вака останува народниот правобранител е надвор , односно  над  веЌе со закон утврдените надлежности на соодветните органи.

Во членот 34, каде се предвидува рокот за одговор на органите да биде 30 дена , дискутиравме нешто на Комисијата, сметаме дека поради принципот на ефикаснсот, тој рок треба да се скрати и да биде 15 дена , како самит еодговори на правобранителот за превземените мерки од страна на надлежните органи од членот 2 на овој закон. Значи се добива една поголема ефикасност и предлагаме рокот тука да биде пократок , конечно имаше една забелешка од еден мој колега тука и мислам дека таа забелешка е во ред, таа е содржана во членот 47, каде што се предвидува народниот правобранител од редот на раководните државни службеници, самостојно да именува генерален секретар. Сега добра беше забелешката на колегата, во смисла дали постојат и други секретари или која би била функцијата на тој генерален секретар ако му се дава едно посебно значење, мислам дека не е во ред и во таа насока мислам дека истото може да претрпи промени.

Посебно би сакал да обележам дека и беше некаде констатирано во законот дека и народниот правобранител е самиот тој кој определува кој ќе биде видот и обемот на неговите заменици и т.н., што сметам дека не е во ред и дека директно во спротивност со Законот за државните службеници, со Законот за органите на управа и во таа насока мислам дека е потребно да се изведат дополнителни консултации за прецизирање на самиот текст.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Зоран Томиќ.

Има збор господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, лично чувствувам големо задоволство и ви велам дека за мене лично нацрт законот предложен од Владата на Рм можеби е нацрт закон кој што во детали ги опфаќа сите сфери, сето тоа што е предвидено со Охридскиот договор и уставните промени, реализирани пред неколку години.

Не ми беше во план да дискутирам, меѓутоа, ќе се обидам накратко да дадам неколку податоци со едно прашање што се дискутираше и во ЗПК и од почитуваниот колега Томиќ. Се зборува за тоа дали треба обвинителот, или заменик обвинителот да има државност. Јас сум за тоа обвинителот или народниот правобранител и неговито заменик немаат потреба да имаат положено државен испит.

Прво доколку го анализираме членот 2 од нацрт законот ќе видиме дека многу јасно е дадена дефиницијата на народниот правобранител и овој орган не е судски орган, туку орган на Република Македонија и се занимава со заштита на уставните и правни права. Но не се работи за судски орган.

Второ, после неколку анализи на споредба кои ги имам направено, споредувајки го овој нацрт закон со некои други закони, кои што се на сила во некои други држави, било тоа да се земји во развој,или земји во транзиција, дојдов до констатација дека во најголем број од овие држави , не само што не се бара државен испит, туку не се предвидува и она што е предвидено со о овој нацрт закон односно тој да биде дипломиран правник.

Јас тука пред мене имам еден закон кој е Закон за народен правобранител на Босна и Херцеговина, кој што во членот 12 вели: “ секој државјанин на Босна и Херцеговина, кој добро ги познава човековите права и слободи, може да биде именуван за народен правобранител”. Значи не се бара професионалната димензија, што се предвидува со овој нацрт закон предложен од Владата на Република Македонија.

Јас ги имам анализирано и некои други закони кои се однесуваат на оваа област, на пример Законот за народен правобранител на Германија, Франција , меѓутоа, сум дошол до заклучок дека за мене најдобро решение би било доколку во

овој нацрт закон биде предвидена таква можност во однос на сит еоние што се занимаваат со човековите слобода и права, односно кои добро ја познаваат оваа област да имаат можност да станат народен правобранител.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувнаи претставници на Владата , почитувани колеги пратеници,

Јас ќе бидам краток во мојата дискусија, со оглед на тоа дека добар дел од дискусијата на г-динот Томиќ ја прифаќам и неговата аргументација.

Би сакал да потенцирам дека донесувањето на закони во три фази е добар пример, како што е овој , дека има доволно простор и време законите да бидат квалитетно изработени. Ова го покажува и примерот на овој закон, бидејки добар дел од забелешките на Собранието, кои беа во претходната фаза, односно во предлог за донесување на закон, се прифатени  во оваа фаза во нацрт законот.

Меѓутоа, сметам дека до конечната фаза, во самиот прелдог на закон, сеуште иам доволно простор и време да се подобри квалитетот на овој мошне значаен закон, значаен не смао поради тоа што претставува имплементација на Рамковниот договор, односно имплементација на амандманите на Уставот, туку значаен за севкупниот  правен и политички систем на државата, особено со  оглед на тоа што имајки ги предвид и надлежностите на народниот правобранител со овој закон дека тие се многу зголемени во однос на претходниот.

Ние имаме искуство од 1997 година, значи околу 6 години во функционирањето на оваа институција имаме компаративни прегледи така да можеме на делување на Омбуцманот во другите земји , така да навистина можеме да донесеме  квалитетен закон и да го подобриме, без оглед натоа што тој доби релативно добри оценки од експетизата на Советот на Европа. Мислам дека се добри решенијата во поглед на квалификуваното мнозинство на изборот на правобранителот и замениците и ќе го направат правобранитеот имун на промените на парламентарното и владиното мнозинство. Меѓутоа, сметам дека волку зголемени  надлежности мора да имаат изработени  и по прецизни критериуми за оној што сака да ја обавува оваа функција.

Самиот податок дека народниот правобранител има можност да влијае на некој начин , не да се меша во самостојноста на судството, туку да влијае доколку судските постапки неоправдано долго се одолговлекувуаат , потоа да повикува на разговор одредени функционери, доколку се одредени нивни потчинети во администрацијата не ги исполнуваат неговите препораки, а во практиката тоа го имаме. Затоа е добро решението што Министерството и предлагачот прифати при извештајот на народниот правобранител присуствува Владата на Република Македонија во Собранието. Со тоа се зголемув аи кредибилитетот на оваа институција, но и одговорноста пред Собранието, а во краен случај одговорноста на Владата бидејки поплаките се однесвуаат најчесто на државните органи. Истот ака, неговото зголемвуање во управната сфера укажува дека ние по 13 годни самостојност, сеуште го немаме донесено новиот закон за управни спорови и управна постапка особено и ја укажува нужноста на што побрзо донесување , односно конечно донесување на овој закон кој што ќе ја регулир ауправната постапка, бидејки сегашниот кој се применува на претходниот систем, навистина, содржи несоодветни решенија.

Како што кажав, зголемените надлежности на народниот правобранител, бараат и прецизирање на критериумите. Ние немаме прецизникритериуми кои што треба да ги исполнува.Само стои дека е нареоднио тправобраител треба да има 9 години , а замениците 7 години. Треба многу подлабоко да се прецизираат овие критериуми, бидјеки зголемувањето на надлежноста мора да значи и зголемвуање на квалитетот на личноста која што сака да ја обавува оваа функција.

Отаму, јас ги подржувам дискусиите на господинот Томиќ иако е кажано дека народниот правобранител не е судски орган, тој има дирекни ингеренции во судството и тој мора да има, не треба правосуден испит да има положено, а илузорно би било за оние стручни соработници кои се вработени во институцијата народен правобранител да се бара положен правосуден испит, а народнито правобранител и замениците да немаат правосуден испит, бидејки тој има дирекни ингеренции во судството, но дирекни ингеренции во управната постапка и т.н. Но не само во овој поглед. Мислам дека ние постојано зборуваме дека следејки го примерот на европското законодавство дека треба да ги продлабочуваме критериумите. Ние тоа за жал, не го правиме и овој закон ова го покажува во овој дел и навистина сметам дкеа ако сакаме да ја избегнеме таа субјективност за која се зборува дека треба длабоко и прецизно да ги изработиме тие критериуми. Само стажот е навистина еден потребен, но недоволен услов за опишување на условите

кои што треба да ги исполнув аоној што ја обавува таа функција и тие мора да бидат многу.

Од друга страна, имаме уставна можност, односно уставна одредба која укажува дека мандатот е 8 години.

Од друга страна имаме уставна можност, односно уставна одредба каде се кажува дека мандатот е 8 години, со можност да биде двапати избран. Значи 16 години. Замислете, толкава концентрација на моќ, без зголемена контрола, иако овде е даден годишен извештај на Собранието. Значи без зголемена контрола, ова што го зоруваше господинот Томиќ во поглед на генералниот секретар, во поглед на актите. Мислам дека Собранието треба да има поголем увид. Не е доволно само еднаш годишно да расправа Собранието по Извештајот.

Исто така, сакам да кажам дека предлагачот делумно ја прифати забелешката на Парламентот, кога се работи за поднесување на анонимни пријави до Народниот правобранител, бидејќи во првата верзија е ставено дека тие ќе бидат сосема отфрлени, а сега е ставено, доколку тие претставуваат општ интерес. Лично сметам, можеби во еден иден период анонимните пријави не треба да бидат прифатени. Меѓутоа, имајќи ја предвид сегашната поставеност во државните органи, претопоставка е дека граѓаните навистина ќе бидат исплашени да поднесуваат не анонимни пријави до народниот правобранител па мислам, макар како една преодна одредба, треба да се остави простор да бидат и тие, имајќи го предвид извештајот кој го гледавме каде што и народниот правобранител укажа дека дури и Владата и минстрите, но и другите  високи функционери едноставно се оглушуваат на сите забелешки на народниот правобранител и не ги сваќаа сериозно.

На крајот би кажал дека е добро што народниот правобранител отвара подрачни дисперзирани канцеларии. Меѓутоа, ние мораме да ја имаме во вид и определбата за рационализација на администрацијата во државниот апарат. Затоа сите желби треба да бидат сведени на минимум бидејќи колку и да бидат отворени канцеларии, секогаш одредени општини ќе бидат незадоволни. Затоа мислам дека бројот на канцелариите треба да биде сведен на минимум, можеби  на подрачјата на апелационите судови, максимум да биде ограничено дисперзирањето, со што навистина ќе бидат потребни многу мали трошоци за отворање. Во спротивно, ние од една страна зборуваме за рационализација на државниот апарат, а од друга страна ќе имаме експанзија на државната администрација. Оттаму јас го поддржувам и јас и пратеничката група на ЛДП ќе гласаме за овој закон. Меѓутоа, очекуваме, и покрај тоа што добар дел од нашите забелешки се прифатени во оваа

втора фаза, предлагачот сериозно да размисли за овие забелешки кои не се опфатени во нацртот а има доста време да ги вгради. Се надевам дека тие ќе бидат вградени, со цел, како што и претходниот закон го имавме од Министерството за правда каде речиси 90% на Собранието беа усвоени, што можеби беше и еден прседан во нашата парламентарна пракса. Јас се надевам дека министерот и Владата ќе имаат слух за овие наши забелешки и дека ќе го разработат случајот со цел да нема потреба од големи амандмански интервенции.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Практично ова е втора фаза од донесување на Законот за народниот правобранител бидејќи имавме предлог за донесување на закон а се надевам дека после тоа ќе дојде и Предлогот на закон.

Причините за донесување на овој закон се следните:

Амандман ЏИ од Уставот на Република Македонија кој е последица на Рамковниот договор и постојниот закон за народен правобранител кој е донесен 1997 година и треба да се усогласи со овој амандман по два основи.

Прво, народниот правобранител се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници при што мора да има мнозинство на гласови од пртенците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство.

Второ, народниот правобранител посветува особено внимание за заштита на начелата на недискриминација, соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт и во органите на единиците на локалната самоуправа. Но, не е само тоа.

Во Рамковниот договор во Анекс-д, во кои се предвидени измени во законодавството, во точка 9 дадени се измените кои треба да ги има во Законот за народен правобранител. Имено, покрај точките, овие два става кои ги набројав, кои се дадени во Амандманот 11, постојат и други. Имено народниот правобранител да формира децентрализирани канцеларии во РМ; Собранието посебно да гласа за буџетот за народниот правобранител; Народниот правобранител ќе поднесува годишен извештај до Собранието а по барање на советниците и до Советот на општините на единиците на локалната самоуправа. Исто така на народниот правобранител да му се овозможи пристап и можност да ги прегледа сите службени

документи кои му се потребни за расветлување на одредени случаи; да може да го суспендира управниот акт до донесување на одлука од страна на надлежниот суд и да има право пред Уставниот суд да ја оспори согласноста на законите со Уставот.

Мислам дека сите овие укажувања од анексот на Рамковниот договор се исполнети и ставени се во нацрт законот за народниот правобранител и најверојатно, бидејќи се поголем број на промени, наместо измени на постојниот закон кој е донесен во 1997 година, се пристапи кон донесување на нов закон. Мислам дека тоа е добро. Но, со оглед на тоа што ова беше обврска од Рамковниот договор, јас повторно како и на другите седници до сега, можеби ќе бидам досаден, но сакам да потсетам дека во Рамковниот договор има права и обврски од двете страни. Имено, ние упорно сакаме да ги донесеме измените на законите, дури го променивме и Уставот според Рамковниот договор, но состојбата на теренот, особено во кризните региони е непроменлива.

Имено, во анекс - ц, кој значи имплементација и мерки за градење на доверба, под точка 3 стои - враќање на бегалците, ревиталзација и обнова. Мислам дека тоа не е направено.

Исто така, во основните принципи стои - целосен прекин на непријателства, целосно и доброволно разоружување на етничките албански вооружени групи и нивно целосно доброволно распуштање. Меѓутоа, на терен сите знаеме каква е ситуацијата. Сигурно дека ова не е направено.

Направив мала дигресија се со цел да укажам на тоа дека ние одиме кон исмена на законодавството согласно Рамковнот договор, меѓутоа, ќе треба да обрнеме внимание каква е состојбата на теренот, дали и другата страна ги исполнува обврските од Рамковниот договор.

Она што се однесува до Нацрт-законот за народниот правобранител, во член 3 се вели: “Народниот правобранител е независен и самостоен во вршење на својата фукнција”. Сега се прашуваме дали е тоа така. Јас мислам дека не е. Имено нема основ,нема предуслов тој да биде независен и самостоен, бидејќи во член 4 пишува: “Собранието го избира и разрешува Народниот правобранител со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници”, а подолу и “со мнозинство од заедниците кои не се мнозинство во РМ”. Ова значи дека владеачките партии кои имаат мнозинство со пратеници во Парламентот на РМ и го избираат овој народен правобранител, а кој го избира, народниот правобранител тој и ќе го слуша, а доколку не го слуша, тука е точка 5 од членот каде се вели: “Народниот правобранител се разрешува заради нестручно, непристрасно, несовесно вршење

на својата функција”. Мислам дека со ова тотално е затворен делокругот за слободно дејствување на Народниот правобранител и после ова јас незнам дали ќе има народен правобранител кој ќе може да работи согласно Уставот и законите во РМ. Ова може да се надмине, меѓутоа е малку попроблематично да се надмине доколку се избира со двотретинско мнозинство во Парламентот на РМ, при што удел во неговото именување т.е. избирање и неговото разрешување има и опозицијата, т.е. партиите кои не се на власт.

Ние сме во тек на измени на Уставот, меѓутоа тие се само по основ на следење на комуниакциите. Незнам дали тоа ќе може да се вклопи. Најверојатно ќе треба да се направи и измена на Уставот за да би можееле ние навистина да имаме правобранител кој ќе ја врши функцијата така како што е во Уставот и законите во РМ. Во прилог на ова јас би кажал само некои случаи .

Ние знаеме како реагираше Народниот правобранител при укинувањето на конкурсот за доделување на социјалните станови, од страна на Владата, како се однесува Народниот правобранител при најавата на Владата за отпуштање на работници од јавните и државните установи, особено сега е во тек отпуштањето повеќе од 1000 вработени во “Електростопанство” каде се со сомнителен карактер и бодовните листи и се она што се предвидува со колективнито договор.

И покрај овие укажувања ние ќе гласаме за овој Нацрт-закон. Се надеваме дека парламентарното мнозинство ќе собере сили, ќе не разбере и ќе покрене иницијатива за менување на Уставот на РМ, така како што реков за двотретинско мнозинство при избор на Народниот правобранител, така што после донесувањето на Предлогот на законот за народниот правобранител ќе следи и оваа иницијатива.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Трајановски.

Има збор Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата,

Денес го гледаме овој закон во форма на нацрт, но морам да кажам дела помеѓу расправата што ја имавме овде и текстот на законот што ни се нуди од страна на Министерството за правда се направени само козметички измени, ни една суштинска иницијатива и идеја на пратениците не е прифатена. Оттука се поставува прашање како ние како пратеници да ја унапредиме расправата и дебатата околу текстовите на законите, како би можеле компетентно, при нивното донесување и да гласаме.

Второ, кога отвараме расправа и оставаме простор, редно е за вакви системски решенија, како што е Законот за народен правобранител да имаме и некои мислења на науката, на институцијата која постои, компаративните искуства со другите земји, како би можеле и ние да даваме одредени иницијативи. Вака, освен придобивките кои со овие измени се прават, во правец на усогласување со членот 11 во амандманите на Уставот на РМ, многу малку придонесуваме овој значаен институт поразвиените граѓански општества и ние да го подигнеме.

Сакам и јас да потврдам дека принципот на избор овде како е воспоставен околу народниот правобранител, со мајоритет, единствено на владеачките партии, нема, да придонесе кон уставната одредба за негова самостојност и независност во извршувањето на функцијата. Во многу држави тоа право на предлагање на народен правобранител е допуштено на опозицијата, или пак сое бира со висок степен на косензус и најчесто се бира од редот на угледни, афирмирани правници, не се ставаат бариери од типот на компетентност и поврзаност со судовите, затоа што народниот правобранител како институција не е дел од правосудниот систем. Тоа е едно.

Второ, прашањето на компетентноста и изборот на народниот правобранител можеше на одреден начин, транспарентно да се наоѓа и преку институтот конкурс, со што ќе се поттикнеа и личните амбиции на правници, на луѓе кои оваа престижна функција во многу држави ја водат, бидејќи угледот на системот и на одбраната на граѓанските права и слободи, на човекот, се гледа низ оваа институација, колку таа се развива.

По расправата по Предлог-измената на законот јас предложив и дополнвуање на Законот со вметнување нов внатрешен институт во рамките на Обуцманот, а тоа е посебен обуцман за децата. Пропуштаме идеална шанса преку значаен институт на демократските општества, да воспоставиме механизам за заштита на децата. Децата и во нашето општество се повеќе се подложни на злоупотртеба, поаѓајќи од семејните злоујпотреби заради реалноста на се позразената социјална компонента на нашето општство па до девијантните појави кои ова општество не го мимоидуваат, како што се појавата на дрога, проституцијата, прометот со деца и тн. Јас во тој правец повторно му упатувам барање на министерот, да размисли, да ги консултира експертите да се најде решение и со поддршка на невладините организации кои најмногу се занимаваат со правата на децата, да се изнајде механизам и да се предложат измени на крајниот текст на законот со што ќе овозможиме правото на детето да го браниме институционално, да не бидеме полни

со реторика, со настани како што имавме при затварањето на кафаните кога ни беше причина едно насилство меѓу млади луѓе кога еден млад живот згасна. Мислам, сега е моментот и одговорноста на пратениците со едно развиено искуство на западните земји во развојот на обуцманот, овој механизам за одбрана на правата на децата да го воспоставиме. Ако има потешкотии или ако концептуално се разидуваме, подобро е да се каже тоа, отколку да се прекутува на иницијативи кои подоцна можњби ќе ги прифатиме, но зад нас ќе има еден цијасет на настани кои ќе бидат негативно одличје на времето во кое живееме. Многу е важно да направиме една превентива. Во тој правец мислам дека министерството треба да размисли и да ја поддржи иницијативата посебен обуцман за децата, да се вгради во Законот за народниот правобранител.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпдинот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Денес имаме Нацрт-закон за народниот правобранител.

Јас во првата фаза ги кажав моите согледувања во врска со овој закон и сега неможам да поминам преку тоа а да не кажам неколку забелешки во врска со овој закон бидејќи, незнам по кој пат, во реалноста, во овие закони каде треба да се отсликува вкупниот амбиент во Републикава, се пресликува Рамковниот договор до точка и запирка, не се гледа една широчина кога се однесува за другите заедници.

Всушност при бирање на јавниот правобранител се бараат гласови на претставници на заедници кои не се мнозинство. Тоа е во ред. Но, кога доаѓа до примена на овој закон, особено во овој дел за јавниот правобранител очигледно дека примената на јазиците на другите заедници кои не се во мнозинство и кои се под таа фамозна бројка од 20% доаѓа до ригидно применување на законот, т.е. ригидна примена на Уставот и уставните одредби т.е. амандманот ЏИ во кој децидно се вели дека тие заедници кои што се застапени со 20% на некој начин се привилегирани во користењето и употребата на јазикот и она што произлегува. Јас само би цитирал неколку реченици од членот 2, вели: презема дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминација и со оглед на правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби. Тоа е во ред. Тоа како ќе се случи, ќе видиме во иднина и дека во тој домен немам никакво сомнение. Но, кај мене се јавува сомнението во тој другиот дел каде што во член 14 и 15 се

ставаат ограничувања од типот дека во постапката пред народниот правобранител службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо во постапка што се води пред народниот правобранител друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо исто така е службен јазик. Додека во член 15 вели, секое лице во комуникација со народниот правобранител може да употреби еден од службените јазици и неговото писмо. Апсолутно тука доаѓа до ситуација во Република Македонија, а особено во постапките пред народниот правобранител и постапки што ги покренува народниот правобранител не може да биде употребен друг јазик освен македонскиот и албанскиот јазик. Јас навистина не можам да сватам толку ригидно пресликување на Рамковниот договор во една институција која што се вика Народен правобранител каде што треба да се бранат интересите на сите граѓани вклучително и другите заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија, затоа што секојдневието наметнува потреба понекогаш да се користи јазикот заради фактот што имаме делови во Република Македонија, јас зборувам за турската заедница кои не заради нивна вина во текот на 50-те и 60-те години економски заостанале и тие живеат во една изолирана средина и нужно во тој домен познавањето на јазикот т.е. јазиците кои службено би требало да се користат во комуникацијата со Народниот правобранител е во нивна негативна корист. Мислам дека во овој домен пресликувањето на Рамковниот договор до детали не допринесува до релаксирање на меѓуетничките односи. Но ако се смета дека релационите односи се на релацијата на македонско-албанска заедница, тогаш е во ред. Но, другите заедници кои се под 20% очигледно со ваквите решенија пред Народниот правобранител не ќе можат во даден момент да ги искажат своите проблеми на својот мајчин јазик и своето писмо. Мислам дека Народниот правобранител треба да има поголема широчина за да во оној момент кога ќе побара претставникот на една заедница иако не се во мнозинство да може да им се излезе во пресрет заради тие демократски токови заради еднаквост на граѓаните пред судските инстанци и заради фактот што тие имаат потреба да го кажат своето мислење на својот мајчин јазик, ако тоа го побараат, а не барам тоа да биде со закон донесено, туку само можност да се употребува тој јазик, мислам дека треба да се дозволи. Во комуникацијата со Народниот правобранител добив уверување и сознание дека во минатото имало таква широчина, дека секој што побарал добил на соодветен јазик обраќање до Народниот правобранител. Но, со ваквите законски решенија очигледно имаме ретерирање на демократските принципи и дека во иднина, зборувам за турската заедница не ќе може заради законските ограничувања

да го користи своето писмо, својот јазик баш во оваа комуникација, иако некогаш ќе има потреба заради непознавањето, доволно познавање на соодветниот јазик, или неможноста да ги искаже сите можни формулации во врска со проблемите во комуникација со Народниот правобранител, мислам дека со ваквите решенија тоа се ограничува, а тоа не води кон демократизација на општеството.

Мојот предлог и на Комисијата за политички систем беше барем во овој домен да се има поголема широчина да се дозволи на другите заедници кои не се 20% во Република Македонија по нивно барање, исклучиво кажувам дека по нивно барање да можат да го користат своето писмо и својот јазик сé со цел да има подобра комуникација со Народниот правобранител и да се решат проблемите на посоодветен, подобар начин. Всушност во цела Европа во комуникација ако со ваквите институции по барање на секој граѓанин и секоја национална заедница може да користи свој јазик, свое писмо, со тоа што на соодветен начин тоа се преведува. Мислам дека децидното цитирање на Уставот и пресликување во Законот за Народниот правобранител баш во овој домен не доведува до релаксирање на односите меѓу заедниците. Мислам дека во овој домен имаме ограничување на правата, а и обврските кои произлегуваат од Уставот и правата и обврските кои произлегуваат од овој закон за Народниот правобранител. Мислам дека до третата фаза би требало предлагачот да води сметка за овие работи и да има поголема широчина во примената на јазиците на заедниците кои не се 20% во Република Македонија. Во спротивно јас исто така можам да кажам и во мое име дека, ако се преслика и ако остане вакво решение во Законот, јас се чувствувам како граѓанин од трета категорија, или ента категорија. Мислам дека не е возможно барем во овој дел да не можат да се користат јазиците, бидејќи така предвидува Охридскиот рамковен договор. Јас го почитувам Охридскиот рамковен договор во сегментот каде што обезбедува мир и стабилност за Република Македонија. Но, мислам дека деталното пресликување ќе доведе до негативни реперкусии во иднина во однос на заедниците, во однос на меѓуетничките односи и она што долго го очекуваме релаксирани односи во овој домен.

На крајот ќе кажам дека предлагачот треба да ги има во предвид овие работи и да може во ваквите законски текстови да даде поголема широчина на употребата на јазиците на другите заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на Закон за Народниот правобранител.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има во предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на самата седница на Собранието.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија ќе се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 59 за, 3 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Преминуваме на точката 24 - Барање за давање на автентично толкување на член 95 од Законот за локалната самоуправа, поднесено од градоначалникот на општина Кратово.**

Барањето и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на член 95 од Законот за локалната самоуправа, поднесено од градоначалникот на општина Кратово, не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член од причини содржани во извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до градоначалникот на општина Кратово.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 55 за, 6 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Преминуваме на точка 25 - избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија.**

Предлозите на Републичкиот судски совет и на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени.

Кандидатите за судии на Уставниот суд се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, тоа значи со 61.

Пред да преминеме на претрес, господинот Макрадули бара процедурално.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Во име на парламентарната група на СДСМ барам од предлагачите и тоа Комисијата за прашања на изборите и именувањата и од господинот Десковски да ги повлечат своите предлози по точките 25, 26, 27, 28 од денешната седница и тоа од следниве причини.

Прво, согласно законодавната политика на Собранието која е изразена преку решенијата вградени во Законот за републички судски совет, а со оглед на тоа што кандидат за уставен судија предложен од Комисијата за прашања на изборите и именувањата има неполна година до исполнување на услови за старосна пензија, сметаме дека не е добро од принципиелни причини да биде кандидат за судија на Уставен суд.

Второ, со оглед на вчерашното изјаснување по Законот за републички судски совет сметаме дека постојниот состав на Републичкиот судски совет наспроти легалитетот кој е на заминување нема доволно кредибилитет во овој период да дава и да стои зад предлозите во Собранието. Дека нашиот став е од принципиелни причини говори фактото дека доколку некои од постојните предлози биде повторно доставен од Републичкиот судски совет ние истиот ќе го поддржиме. Доколку не се повлечат предлозите пратеничката група на СДСМ за сите предлози ќе биде воздржана.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Како што ве сватив барате предлогот од предлагачите да биде повлечен, од двата предлагачи.

Ги повикувам предлагачите да се изјаснат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Иако предлогот доаѓа од координаторот на мојата пратеничка група, јас ценам дека за овој предлог треба да се изјасни Комисијата за избори и именувања. И затоа предлагам и ја свикувам Комисијата на подолга пауза. Во сала 4 каде што ќе заземеме став и после тоа ќе се изјасниме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе се изјасните по предлогот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас сум потписник во име на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прво, да се изјаснат предлагачите по предлогот, после ќе ви дадам збор.

Господине Десковски дали го прифаќате предлогот, или останувате на предлогот?

ЈОРДАН ДЕСКОВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа,

Ова што се случува кај нас тоа го нема никаде. Како може да се дискутира: признаваме, не признаваме, можеме, не можеме. Се употребуваат зборови законитост, уставност, владеење на правото, а овде се постапува на најригорозен начин и се повредува законот. Републичкиот судски совет предложи и судии и предложи судија за Уставниот суд. Јас не знам што се прави овде? Сакам да ви кажам веднаш, останувам на предлогот. Ние сме членови на Републичкиот судски совет, па ќе видиме Уставниот суд што ќе каже. И друго сакам да ви напоменам, Уставниот суд не е комплетен.  А во законот, во Уставот стои: избира Влада и Уставен суд. А врши избор сé е за друго. Во пакет треба судиите на Уставниот суд

да се избираат, како што и Владата. Секогаш е погрешно откога постои овој Устав. Ве молам, да не го прифаќате тој предлог. Јас останувам при предлогот и за судијата на Уставниот суд, Чингова исто останува по предлогот за сите судии. Вакво толкување на законите не не водат во Европа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Десковски останува на предлогот и продолжуваме со расправа.

Да отворам расправа, или барате процедурално господине Стојановски.

Ако барате процедурално повелете, ако барате расправа, прво да ја отворам расправата зошто е поединечно.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Навистина со ова што го слушнавме сега се искажува еден несериозен однос пред се кон ова Собрание. Сакам да искажам две работи, бидејќи вчера немав можност да присуствувам заради напуштањето на седницата на нашата пратеничка група од работата на Парламентот. По однос на два закони кои што се донесени, а кои што немаат врска со важечкиот закон. Тоа се измените на законите за основно и за средно образование каде што се изврши измена на членови кои што не постојат во тие закони, затоа што пречистениот текст на тие закони содржи сосема различни членови од оние кои што се изменети на вчерашната седница и изгласани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Вон од темата сте господине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Значи, бидјеќи вчера немав можност тоа да го кажам, сакам овде процедурално да интервенирам во тој правец за да го има во предвид Собранието при утврдувањето на текстот на измените кои што се носени, да се води сметка дека се вршат измени на закони кои што ни се доставени, а кои што не се важечки. Тука имате Закон за средно образование и Закон за основно образование кои што се објавени во 2002 година. Зборувам процедурално во смисла на дневниот ред кој што беше веќе поминат на претходната седница, се работи за предлозите кои што беа доставени, како предлагач колешката Славица Грковска. Тоа е процедуралното прашање.

И втората работа која што се однесува на предлозите за судии на Уставниот суд. Зборувам процедурално во смисла на повлекување од дневен ред. Исто така, сакам да ја потврдам таа несериозност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Стојаноски, точките не се повлечени од дневен ред. Господинот Десковски се изјасни и можете да добиете збор. Продолжуваме со претрес.

Отворам претрес по предлогот Весела Мукоска Чинго да биде избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Отворам расправа.

Молам, кој бара збор?

Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Сметам дека она што беше кажано во претходниот период, односно изјаснувањето на пратеничката група на СДСМ преку нејзиниот координатор во однос на кредибилитетот на Републичкиот судски совет претставува недопустлива работа, затоа што да се девалвира кредибилитетот на еден државен орган чиј што мандат сеуште не е завршен, иако измените на законот се донесени, затоа што тој треба да се објави согласно Уставот за да влезе во сила. Сметам дека е навистина еден несериозен однос кон еден вака битен државен орган кој што треба да претставува израз и грант на независната позиција на судството во Република Македонија.

Од друга страна сакам да искажам едно верување дека именувањето, односно одлагањето на гласањето за судија на Уставен суд за кој што претставува предлог од страна на Републичкиот судски совет, така и она што беше кажано во однос на останатите судии кои што треба да бидат на дневен ред на денешната седница, значи обид за политичко влијание врз идниот Републички судски совет доколку се формира до тогаш, опструкција во однос на работењето на судството, затоа што судовите имаат потреба од овие лица кои што се предложени, не со име и презиме, меѓутоа имаат потреба од судии кои што ќе ја вршат судиската функција. А ние како Парламент треба да не дозволиме да има дисконтинуитет во вршењето на судиската функција, односно во решавањето на предметите кои што се во нивна надлежност.

Исто така, сакам да истакнам дека со ова се потврдува и мојата дискусија кога во однос на измените на законот за Републички судски совет, која што беше на една од претходните седници, со образложението дека се изменува законот заради старосна пензија и заради имплементација на Рамковниот договор, се сакаше да се изврши политичко влијание врз Републичкиот судски совет и на тој начин да се оневозможи Републичкиот судски совет да ги предложи овие лица, кои што денес ги имаме на дневен ред на оваа седница, меѓу кои и предметниот предлог за кој што сега дискутираме. Така, на тој начин да се овозможи директно политичко влијание при изборот на судиите во основните, апелационите, Врховниот суд и Уставниот суд на Република Македонија. Ова значи еден брутален обид за целосно ставање под своја капа на судскиот систем во Република Македонија, што сметам дека ќе има длабоки последици во однос на радикализација на политичките состојби во државата, затоа што демократизацијата на државата претпоставува независно судство. Тоа е основен предуслов да не се дозволи, согласно политичката волја на една партија, која што во одреден момент е на власт да се случува постојано да се менува Републичкиот судски совет. Потоа да се именуваат судии кои што се по волја само на оние кои се на власт. Односно, доминацијата на извршната власт треба да престане и треба да се остави на судството да си работи и да си ја врши својата функција, согласно Уставот и законите на Република Македонија. Од овие причини сакам да кажам дека ВМРО-ДПМНЕ како пратеничка група и јас како пратеник во целост ги подржуваме сите предлози кои што се доставени овде од Републичкиот судски совет и ќе гласаме за сите нив.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Караџоски.

Само ве молам да се држиме на предложениот кандидат. Расправата е пооделна за двата предлози.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Ќе гледам да се држам до точката на дневен ред, поточно до предложениот кандидат. Лицето Весела Муковска - Чинго која доаќа како предлог за член на Уставниот суд од страна на Републичкиот судски совет. Веднаш на почетокот сакам и во името на пратеничката група и од лично мое име да искажам

поддршка на овој кандидат, што значи дека ние како пратеничка група ќе гласаме позитивно по однос на изборот на овој кандидат. Не ја гледам причината зошто другите пратеници не би гласале позитивно, поточно би гласале воздржано, како што искажа координаторот на пратеничката група на СДСМ од причини што навистина во биографијата на ова лице ама не постои никаква причина да не биде ова лице избрано за судија во Уставниот суд. Значи, образложението кое ни го кажа господинот Макрадули, апсолутно не држи, според мене, затоа што ако зборуваме конкретно за ова лице кое е предложено, навистина, не ја гледам причината зошто не би се поддржал овој кандидат, од проста причина што во нејзината биографија навистина има огромни податоци кои што кажуваат дека ова лице заслужува да биде член на Уставниот суд. Ако пак ја споредиме со останатите членови на Уставниот суд кои поминаа, јас мислам дека од сите нив можеби е, според онаа биографија што ја гледам, најмногу исполнува услови да биде изгласана. А, образложението заради тоа што Републичкиот судски совет, со оглед на Законот кој што вчера го изгласа СДСМ со своите коалициони партнери, демек е во оставка фактички му поминал мандатот, апсолутно не држи. Или, поточно, со тоа само се потврдува она што цело време го констатиравме и го кажувавме, значи, измените во законот на Републичкиот судски совет, апсолутно не беа мотивирани од спроведување и имплементација на Рамковен договор, туку чисто Рамковен договор, да се разреши Републичкиот судски совет, поточно постојниот состав, за да можат да се предлагаат кандидати кои што ќе бидат по вкус на СДСМ. Слушајќи го денес координаторот на пратеничката група на СДСМ, очигледно е дека тоа е во прашање. Што значи, проблемот оди и подалеку, а во потврда на оваа теза за која зборувам, што значи дека и останатите точки 26, 27 и 28 според парламентарното мнозинство на СДСМ, особено бидејќи го слушнав нивниот координатор, значи дека се што овој Совет во овој состав предлага, тоа значи дека не е по вкус на владеачкото мнозинство. Со тоа, сите оние дискусии кои се зборуваа и кажуваа, паѓаат во вода и се чиста демагогија. Очигледно е дека треба да избереме и Уставен суд и Републички судски совет само по вкус на СДСМ, за да можеме ние како опозиција да критикуваме, а тие како мнозинство да си гласаат и се да биде во ред, фактички, да имаме контрола врз сите три институции односно сите три власти во Република Македонија. Ако тоа не е така, тогаш незнам зошто е ставот да бидеме воздржани по однос на сите четири точки. Инаку, дали за СДСМ, поточно за пратениците на СДСМ не значи ништо што госпоѓата Весела Муковска - Чинго магистрирала во 1981 година. Во 1992 година одбранила докторска дисертација, со што се стекнала со

назив на доктор на правни науки. Незначи ли ништо тоа што ги има објавено сите овие книги наведени. Значи, книга уставно судство и т.н., да не ги редам сите, автор на повеќе релевантни статии, овде се наброени околу 11 и т.н. Дека е истакнат правник, сето тоа е тука наведено и незнам навистина во што е резервата за да не се подржи овој кандидат. Очигледно е дека овој кандидат по се изгледа, значи, неодговора на политичките ставови на СДСМ, или Републичкиот судски совет е таков кој што го изгласа претходното парламентарно мнозинство, па се што тој ќе предложи изгледа мириса на ВМРО-ДПМНЕ и треба на се да ставиме резерва, за да не поминат предлозите. Заради тоа се брза и сеуште се брза што побрзо да си заминат во пензија, за да можеме да си поставиме онакви судии какви што парламентарното мнозинство сака. Тоа е единственото образложение. На крајот на краиштата ние како опозиција сме должни да го искажеме ова што сега го кажувам. Граѓаните на Република Македонија се тука да ценат и да судат тогаш кога ќе дојде времето да пресудуваат. Меѓутоа, очигледно е дека на овој начин треба да се дисциплинира се живо во Република Македонија. Вчера завршивме со закон за Републички судски совет, денес со изборот на судиите, а утре најверојатно можеби ќе се оствари и желбата на господинот Љупчо Јордановски, па можеби и Борис Трајковски ќе го послуша и ќе поднесе оставка, со оглед на тоа што цело време уште таа работа не е завршена од страна на мнозинството на СДСМ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика на господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Само кратко, согласно член 68 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија може да избира судии на Уставен суд и да врши избор и разрешување на судии. Би сакал да го потсетам господинот Караџоски дека ова парламентарно мнозинство ги прифати сите предлози на Републичкиот судски совет во неколку претходни истанци. Во овој момент, затоа и апелиравме да се заштитат личностите на судиите што се предложени, прездлагачот да ги повлече, со оглед на моментарлниот статус на Републичкиот судски совет. Уште еднаш повторувам, доколку некој од овие предлози, со оглед на нивните биографии дојде повторно на разгледување од новиот Републички судски совет, ние за него ќе

гласаме. Затоа, со оглед на нивните биографии, апелиравме предлагачите да ги повлечат предлозите и да ги заштитиме нив како личности.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Караџоски се јави за реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, господине Макрадули, ако треба да ги читаме членовите од Уставот и да се занимаваме со правна проблематика, едно да ви кажам, Собранието на Република Македонија не одлучува по тоа дали некој ќе повлече предлог и прашање е дали воопшто може да се повлече предлог на Републички судски совет кога дошол во Собранието на Република Македонија. Еднаш за таква тема имавме дискусија, затоа што претседателот на Републичкиот судски совет прашање е колку е овластен да повлече предлог, затоа што Републичкиот судски совет е колективно тело и треба да одлучува на своја седница. Тоа е една работа. Меѓутоа, на крајот на краиштата по самиот предлог овде се гласа и можете комотно да изгласате против или воздржано и нема што да се занимаваме со тоа дали треба да се повлече односно да ги заштитиме личностите. Личностите, господине Макрадули, се заштитуваат со тоа што им се дава доверба, а не да ви случува, како што ви се случува да дадете доверба на некого да го изгласате, за по еден ден дури и на конститутивната седница на Уставниот суд да поднесе оставка човекот, затоа што најверојатно не сте ги согледале сите можности, поточно сите ветувања кои што сте ги ветиле не сте ги оствариле, па затоа луѓето си даваат оставка. Заради тоа, можеби треба повеќе консултации во овој случај.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги,

Ние имаме на дневен ред сосема легално доставен материјал и точка, која никако врз основа на Деловник, закон или Устав некој може да ја довезде во прашање. Политизацијата на работата на Собранието на Република Македонија од овој карактер кога партиските процени доаѓаат наместо процедурата, може да внесе

голема забуна и опасност во работата на Собранието на Република Македонија. Јас на сите пратеници саскам да им кажам дека добро го познавам кандидатот Весела Муковска - Чинго. Јас знам многу добро како се развиваше и знам дека со нејзиниот избор, Собранието на Република Македонија ќе придонесе на квалитетно зајакнување на овој државен орган и дека всушност самиот Уставен суд ќе добие на угледот и на тежината. Наша преокупација треба да биде токму тоа и затоа ние треба денес сите да и дадеме поддршка и да ја избереме госпоѓата Муковска - Чинго за судија на Уставниот суд. Пратеничката група на Либералната партија ќе гласа за овој предлог.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Јордановски Љупчо.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, претседател на Републички судски совет,

Прво, би запрашал, бидејќи всушност без спомнат, а и дискусијата од страна на опозицијата се водеше и во насока да дискутираме за нашиот став и барање на Републички судски совет да ги повлече своите предлози, со тоа кажувајќи дека Републички судски совет можеби нема кај нас одредено ниво на квалитет, незнам дали ќе ме прекинете, бидејќи јас сакам за тоа да полемизирам, а во однос на кандидатката ние рековме дека ќе се појави повторно како предлог од Републички судски совет новиот дека ќе гласаме за него. Тоа би сакал да кажам. Но, вие прекинете ме ако сметате дека сум надвор од точката.

Имено, господине Карацоски не е точно ние сакаме со Републички судски совет да го партизираме, или имаме нешто против институцијата Републички судски совет. Точно е дека ние сакаме да го вратиме, па нека бидат и зборовите тешки, дигнитетот, компетентноста и ако сакате стручноста на тој Републички судски совет. Јас сега ќе ви ги кажам аргументите. Неуспеав да ги кажам кога се дискутираше вчера за Републички судски совет, но сега ќе ги кажам. Ова е материјал од господинот Дескоски кој што го прати кога беше прв пат ставен на Владата законот за Републички судски совет до нас пратениците, каде што господинот Дескоски тврди дека тој закон не е уставен и дека треба да се повлече. Вчера немав прилика да објаснам зошто не е во право, но материјалот кој јас три

пати го прочитав за да констатирам на крај дека девет пати иста работа сум прочитал, бидејќи три пати се повторува дека истата констатација.

Прво, зборува за, мислам квалитетот да бидеме концизни и да бидеме конкретни. Мислам дека со повторувањето не може мене никој да ме убеди дека навистина нешто многу знае.

Второ, оние кои не го знаат и не го чуваат овој текст, го слушнаа од еден пратениците кога е донесен од наша страна прв пат закон за Републички судски совет кој го прочита од збор до збор.

Проблемот со овој текст од аспект на стручноста и на квалитетот на луѓето што седат таму или го пишуваат овој текст е тоа што крајно нејасен и конфузен, а ние треба да донесеме одлука и за квалитетот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Јордановски, ќе ве замолам.

Коментари ќе ве молам од место да нема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас реков, ако сметате дека ……

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако сакате да ме сослушате.

Господин Спиро Мавровски ве молам да не дофрлате од место, не ви е тоа надлежност.

Моја оцена е дека темата за која почнавте да разговарате застранува од точката избор на судија на Уставниот суд и дека не гледам можност тоа да го доведете во конекција со предлогот. Затоа, ве опоменувам да се држите на точката од дневниот ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи јас сакам да ги кажам аргументите зашто сметам дека ставот на пратеничката група во однос на предлозите на Републички судски совет кои што во дискусиите од нашите колеги во опозиција беа, пола дискусии беа во однос на Републички судски совет и нашито однос, затоа сметам дека е коректен, бидејќи сакав да кажам за квалитетот, не за формалната поставеност, туку за квалитетот и стручноста и компетентноста дури, бидејќи за мене не е компетентност само ако

имаме завршено соодветна професија, туку и квалитетот на вршење на таа функција и дали имаме доблест да ја вршиме таа функција. Ако сметате дека е надвор со моите аргументи, тогаш ќе завршам овде. Нормално, ќе завршам со тоа што сметам дека господинот Трајковски треба да поднесе оставка, бидејќи ја злоупотребил институцијата претседател и со аболицијата на госпоѓицата Доста Димовска ги навредил сите граѓани и ги погази нивните фундментални права.

Благодарам.

(Краток аплауз)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам и благодарам што го уваживте моето укажување за држење на дневен ред.

Господин Трајановски. Реплика.

Господинот Караџоски прво реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, почитуван претседателе,

Колку што можев да го разберам колегата Јордановски значи тој од својата кратка дискусија, но сепак јасна, кажа дека тој лично се сомнева во квалитетот, стручноста и компетентноста на Републичкиот судски совет и дека тоа била причината поради која што ставот на пратеничката група и негов бил таков каков што го искажа.

Јас би сакал само да го прашам господинот Јордановски. Дали овој Републички судски совет со таков квалитет, стручност и компетентност, како што проба да објасни, но не успеа бидејќи вие не мју дозволивте. Поточно, за сите оние предложени судии кои што поминаа откако е Републичкиот судски совет избран, што ќе рече дека сите судии кои што поминале овде сме ги изгласале, по се изгледа дека дошле од некомпетентни, нестручни и неквалитетен Републички судски совет. Тоа е многу тежок збор да се каже. Значи, да се доведе во прашање целата работа на Републички судски совет затоа што на некого не му одговара политичкиот вкус и мирис на Републички отсудски совет, како што по се изгледа има. Према тоа, не ја гледам причината поради што денеска барате да биде ставот ваш воздржан за еден човек, едно лице кое се предлага со високи стручни квалитети, кои што според законот и според Уставот и според сите членови кои пробувате овде да ги исцитирате, апсолутно ги исполнува сите услови. Единствен услов е тоа само што не

е член на СДСМ најверојатно или воопшто не е можеби симпатизер, јас само нагаѓам, но претпоставувам дека е така. Значи, тоа е единствениот услов и со тоа наметнувате пракса она што ја спроведувавте 1998 година, но сега уште позразито, значи, се што ќе биде блиско, барем малку со мислите на СДСМ, независно од своите квалитети да биде предложен и избран од овој Републички судски совет кој што вие нормално ќе го изберете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Трајановски Коце.

Реплика ли има? Кој бара реплика од пријавените? На кого?

Господинот Тасев Орданчо.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Благодарам претседателе,

Сметам дека господинот Јордановски, ете денеска искажа еден многу тежок да речам збор, особено за членовите на Републичкиот судски совет. Кажа дека демек со вчерашното изгласување на Законот за Републички судски совет едноставно се потрудиле, едноставно се потрудиле да ја вратат компетентноста, дигнитетот, стручноста и квалитетот на Републичкиот судски совет, мислам дека демонстрира еден голем лаицизам.

За мене, едноставно е нејасно како може човек без правни квалификации да дава оценка за едно тело, за еден државен орган, а тоа е Републички судски совет во кој што има членови, истакнати правници, бирани како истакнати правници со огромно искуство, да се девалвира до крај. Мислам дека е должен пред претседателот на Републички судски совет, пред целата македонска јавност да се извини во името на позицијата, бидејќи изрече тешка клевета и тешки навреди и квалификации за Републичкиот судски совет.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има зобр господинот Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема да правам никаков коментар. Ако претседателот ми дозволи да ја завршам својата дискусија ќе ви образложам зошто имам таков став. Тоа е мој став и немојте воопшто да го воопштувате со ставот на мојата партија, на пратеничката група.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Трајановски Коце.

(Пратеници бараат збор за реплика).

Ве молам, господинот Љупчо излезе од темата. Заради тие причини, јас како претседател му советував и тој прифати да ја прекине дискусијата од причини што излезе вон од дискусијата. Нема да дадам реплики на дискусијата на господинот Љупчо Јордановски, затоа што тој беше прекинат бидејќи беше излезен надвор од темата.

(Негодување во салата и барања за реплики).

На господинот Љупчо Јордановски не давам веќе реплики, затоа што затоа му го одземав зборот.

(Пратеникот Стојан Андов бара збор процедурално).

И за процедурално можеби ќе треба да почекате.

Кој од пријавените има право на реплика или бара збор процедурално освен господинот Андов?

Има збор господинот Андов процедурално.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе,

Овде добиваме некои чудни информации. Пратеничката група предложи амандман на Законот за РСС и самиот закон што беше предложен од Владата беше предложен за спроведување на уставни амандмани. Сега овде добиваме некои информации дека фактички бил проблем квалитетот на луѓето во РСС. Расчисте те го тоа. Тоа не беше мотив, никаде речен во расправата. Ќе влезевме во расправа да знаевме дека е тоа проблемот. Нека се внимава на процедурата што се предлага, зошто се предлага, која е основата.

Така што мислам, ако вие мислите дека излезе од темата, нека се брише ова од стенограмот, како да не се случило, за да не си префрламе на себе зошто не сме

дошле овде да расправаме за квалитетот на судиите на членовите на РСС. Вакви упади се само штетни и за Собранието и за вас.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За мене не се штетни, извинете што не ја прифаќам таа ваша забелешка.

Инаку, кој сакаше да расправа за законот за РСС можеше вчера да присуствува на седница. Тоа што излеговте е ваш проблем.

Господинот Трајановски побара збор пред господинот Ѓорчев.

(Реплика бара господинот Стојановски).

Реплика од Блаже Стојановски на Љупчо Јордановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Зборувам за работи што се однесуваат за темата, а темата е во однос на тоа што е кажано од господинот Љупчо Јордановски како претседател на Комисијата за избори и именувања.

Таа Комисија овде достави предлог за уставен судија. Не е тоа точка. Тоа е точно. Меѓутоа, вие излеговте како координатор на пратеничката група на СДС и кажавте дека заради блискоста до старосна пензија тој предлог треба да биде повлечен. Господинот Јордановски требаше да се изјасни по однос на тоа прашање.

А, во однос на ова што сега се дискутира, сметам дека РСС и кажувањето за некомпетентноста на РСС да предлага судии, ние да расправаме по тоа прашање, се однесува на чисто политички интереси што беа кажани и во излагањето на господинот Јордановски, затоа што и Комисијата за избори и именувања на овој начин го повлекува предлогот за уставен судија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со расправа.

Господине Стојановски ви советувам повнимателно да следите што се случува на седница на Собранието.

Има збор господинот Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

На почетокот на мојата дискусија би укажал дека навреме требеше да го прекинете или да му дадете на знаење на претходниот говорник, не зборувам за

репликите, заради тоа што дискусијата влезе во друга насока отколку што требаше. Иако незнам зошто се јави претседателот на Комисијата за избори и именвуања, кога овој предлог не е од Комисијата, туку е предог од РСС.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се јави во својство на пратеник да бара збор, а не во својство на претседател на Комисија.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Да, ама се искажуваше како претседател на комисија.

(Реакција од пратениците).

Добро, тоа е мое мислење. Вие како сакате размислувајте.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжете. Имате право на свое мислење, секако.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Имам и право малку пауза да си направам.

Мислам дека ова е несериозно однесување од позицијата. Уште еднаш позицијата сака да ја демонстрира својата власт, својата силина. Инаку, можеше едноставно да гласа воздржано, да им помине предлогот, меѓутоа сакаа да ја искажат својата сила пред опозицијата и да докажат дека од опозицијата им треба само кога им треба двотретинско мнозинство па тогаш вклучуваат меѓународни заедници и се друго што им треба, за да може да им помине тоа што може да им помине.

Се бара стопирање од координаторот на СДС со образложение  - овој РСС нема кредибилитет, а знаеме дека вчера се донесе Законот. Овој предлог е многу пред вчера.Значи, кога РСС имаше кредибилитет да го донесе. Со ова се ставаат, пак ќе повторам под знак на прашање, сомневање сите предлози на РСС и не се внимава на сите тие луѓе кои поминале како предлог од РСС и сега ја вршат својата функција во Врховниот, Апелациониот и основните судови. Сметам дека е многу несериозно.

Ова е уште еден факт дека целта на донесување на измените за РСС се лични и партиски. Воопшто тие не беа по основ, како што се наведуваше дека се

како последица на амандманот на Уставот на РМ, што е како последица од Рамковниот договор.

За кандидатот нема никакво образложение дали вреди или не вреди. Сметам дека кандидатот ги исполнува сите услови, како што беше прочитано од биографијата. Се нема факти против него. Не се сака да се изгласа, најверојатно бидејќи е од овој РСС. Значи, се што е од овој се оквалификува како ВМРО-ДПМНЕ или од претходната власт и сега одговорноста се сака да се пренесе на наредниот РСС, а знаеме, бидејќи кажаа како ќе се изјаснат, како следниот РСС ќе се изјасни за овој кандидат, доколку повторно се кандидира или да биде предложен во Уставниот суд на Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници,

Јас ќе дискутирам од аспект на тоа како член на Парламентот, а не како опозиција или позиција. Едноставно дека ние, во овој законодавен дом што по функција, по дефиниција мора да ги штити институциите на системот во РМ, се доведуваме во ситуација да ние, како законодавен дом навистина влегуваме во една сфера на политизација и на Парламентот и на институциите на системот на РМ. Тоа не е дозволено. Не е дозволено особено од аспект на една институција што се вика Правен факултет, зборувам сега генерално, институција што креира и претставува есенција на правната и политичката наука на Република Македонија. Од таму, од тој Правен факултет, како тело што генерално гледано исфрлило многу кадри, по име и презиме можам да ги набројам тука, министри, членови на Парламентот, членови на разни институции, таму се подготвуваат магистарски дисертации, докторски дисертации, таму се издаваат книги, се пишуваат предговори, ние навлегуваме во една многу опасна теза дека одделни професори на Правниот факултет кои третираат ваква или таква проблематика се неподобни, а други професори се подобни или пак одделни, претходно предлогот што беше за врховни судии од 24 или 25 колку се таму, како што беше примерот со господинот Бошњаковски не може да го поддржиме затоа што е предлог на РСС, а може да поддржиме можеби госпоѓа Ингилизова, чии квалитети се неспорни исто така за да дојде човек до Врховен суд

на РМ. Законодавниот дом, ако сакаме да бидеме држава, ако сакаме народот да не почитува, ако сакаме да градиме идна перспектива во ЕУ мора да го почитува и Врховниот суд, мора да го почитува и Правниот факултет и дека таму таа петочлена комисија каде се брани докторска дисертација, каде се пишуваат предговори за книга, уставно судство, каде некоја госпоѓа, сигурен сум во нејзините квалитети, лично не ја познавам, но има луѓе во Парламентот и по години постари и доајени во македонската политика кои многуповеќе знаат за тој причинско последичен однос на формирање кадри во РМ, дека тој човек е квалитетен. Тука не може да стане збор ние да спориме за квалитет.

Формулацијата е смешна. Ако ова РСС го повлече, наредниот ако ја предложи истата госпоѓа, професор на факултет, доктор на науки, тогаш ние ќе гласаме за неа?! Ве молам, дајте да ги надминеме тие небулози, тие политички премиси дека ние не сме припадници на СДСМ или ВМРО-ДПМНЕ уште еднаш, ние гласаме тука за професор, доктор по науки на Правен факултет на РМ кој исфрлил десетици министри, сигурно дваесетина парламентарци. А, госпоѓата професор е дел од тој Правен факултет.

Ве молам, да ги надминеме сега тие недоразбирања, да го изгласаме предлогот во интерес на институциите на РМ. Оти, тие се институции: Врховен суд, Правен факултет и ред други РСС. Не можеме да се согласуваме со личностите. Или припадникот на опозицијата Марјан Ѓорчев. Меѓутоа, опозицијата во РМ ни е потребна и таа е институција во дадениот момент. И, ако така постапуваме, тогаш ќе дојдеме до, навистина, правилна работа на Парламентот.

Затоа ве замолувам да се надминеме сега во овој момент како позиција, опозиција, да го изгласаме предлогот и со тоа ќе покажеме на македонскиот народ, на македонската држава дека ја цениме и дека работиме за нејзините интереси.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Ќурчиев Никола.

НИКОЛА ЌУРЧИЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Навистина фалеше една ваква дискусија како претходната. Се согласувам со истата.

Повеќе од 12 години на оваа говорница или 13, од сите парламентарни состави што беа до сега, од сите пратенички групи што учествуваа во работата на ова Собрание се повторува еден рефрен - нашето судство треба да биде самостојно, независно, стручно, достоинствено и подготвено на граѓаните да им го даде она што го очекуваат од него, а тоа е доследна примена на законите и целосна заштита на правата и слободите на граѓаните.

Но, фактичката состојба во државата во оваа сфера сеуште не обврзува да говориме во идно време "треба да биде", што значи дека многу работи сеуште не се.

Освен оваа декларација, низ нашето парламентарно искуство се провлекува уште една друга константа, секогаш кога на дневен ред Собранието има точка од сферата на правосудството, се крева температурата во воаа сала, се зголемуваат тензиите и спротивставеноста помеѓу позицијата и опозицијата. Без разлика кој е поводот и на која тема Собранието одлучува во врска со третата, судската власт, се потврдува дека таа е дефинитивно најчувствителната област, најсензибилниот сегмент, а тоа се гледа и денеска.

Навистина треба да се запрашаме зошто е тоа така? Од доскусиите излегува дека е најприсутно објаснувањето дека политичките партии што во основа на своето постоење ја имаат амбицијата за власт, за раководење на државата, истовремено покрај извршната и законодавната власт сакаат да имаат контрола над третата, судската власт.

На начинот на кој што се поставени работите кај нас, почнувајќи од изборот на судиите па се до дефинирањето на судството, таа веројатност или опасност е евентуална. Меѓутоа, нели е недвосмислена определбата на ова Собрание за обезбедување на сите предуслови, носење на законски проекти што ќе обезбедат судството, за какво што се декларираме 12-13 години и нешто, во тој правец се разбира презедовме.

Почитувани колеги пратенци,

Неспорно е дека секој од нас по било која тема, вклучувајќи и прашања од делокругот на судството, има право и може да мисли и дискутира што сака. Првенствено бранејќи ги позициите на политиката што ја застапува, меѓутоа добро е кога при дискусиите би се правела извесна дистинкција на аргументите, особено од аспект на тоа што браниме и што сакаме да постигнеме.

Затоа, клучнто прашање, според мене, во овој момент е што е тоа што пратениците во своите настапи сакаат да го одбранат во врска со темата или за точката за која што дискутираме? Меѓутоа, истовремено со право било кој од нас ќе

се запраша каква ни е состојбата во судството? Граѓаните велат дека судството е во лоша состојба, можеби каква што не се памети до сега. Бавност, тромост, неефикасност заради пренатрупаност на нерешени предмети се главни епитети на повеќето судови. Јавноста е убедена дека во судските процеси не само аргументите, туку повеќе се мерат некои други елементи и основно прашање што се поставува е кој е судијата што го води предметот, од каде потекнува, кои му се пријатели, на која политичка опција е приклонет?

Сегшната хиерархиска поставеност на судовите упатува на правило за немешање и некоментирање на одлуките на повисоката судска инстанца, меѓутоа имаме доста примери до сега, не само на јавно, по весници коментирање, туку сугерирање на одредени одлуки по сите можни и неможни линии. Колку и да не е совршен системот на организираност и поственост на судската власт, сепак постои орган што по Устав и со закон е надлежен да води сметка за работењето, стручноста, совесноста на судиите, да предлага нивен избор или разрешување во зависност од констатираната состојба.

Вчера расправавме за тој орган. Јас нема да зборувам за него. Меѓутоа, многумина не ја испуштаа можноста да кажат, особено кога дискутираме за некои работи пред се кадровски решенија што треба да ги избереме во судската власт, кого да избереме, да кажеме дека основен критериум за нивен избор е да се угледни и истакнати правници. Стално зборуваме за дигнитетот на судиите, се протежираат тези за вршење на политички притисок врз нив. Меѓутоа, никој не кажува дека независноста на судството најмногу зависи од индивидуалноста човечката независност и професионален интегритет на секој судија, се разбира, поединечно. Има ли некои аргументи, постои ли сила што може да го скрши човека и да го принуди да се качива по бини на предизборни митинзи, јавно да настапува, да се декларира, бранејќи политички ставови.

Најпосле, дали треба да се има усул  кога дискутираме за кадровски решенија во судството, бидејќи тоа дефинитивно е најчувствителното прашање во целата оваа работа.

Седниците кои ги држиме ги гледаат граѓаните понекогаш не следат и луѓе кои се докажани еминентни стручњаци во оваа област, па сигурен сум по малку им паѓа срам кога слушаат како одредени пратеници бранат нешто што воопшто не се брани. Или поентата на нашиот мандат треба да биде да ја сведеме на просто играње кога сме на власт правиме што сакаме и како сакаме, кога ќе не сменат ништо нема да ни чини, ќе напаѓаме се она што ќе го предложат другите.

Навистина хронично кај нас не чини системот каков и да е и кој да го поставил. Јас имам разбирање за улогата на опозицијата во еден парламент, па и во нашиот. Меѓутоа, не можам да разберам како навистина успешно умеат да ги измешаат суштината на работата.

На дневен ред имаме легално поставена точка и бидејќи не се работи за никаква партизација на Парламентот, туку навистина цениме и сакаме да го правиме токму спротивното. Мораме да бидеме навистина принципиелни ако сакаме и во иднина во оваа сфера да имаме успех. Ниту ми е целта политички да поентирам на ова, а за квалитетот на кандидатите ќе дискутираме тогаш кога ќе треба.

(Реакција од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ).

Да, меѓутоа, го имате ставот на нашата пратеничка група.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодрам,

Има збор г-динот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Јас, во однос на конкретниот кандидат што е на дневен ред за избор нема да дискутирам односно ќе кажам во позитивна смисла дека она што беше кажано и од Караџоски што беше наведено во биографијата сето тоа стои и треба да се верува и исклужително да се почитува како на личности кои се истакнати во науката, на Правниот факултет и тука нема ништо спорно и тоа е за поздравување.

Меѓутоа, нашиот координатор многу добро појасни и многу прецизно од кои принципиелни причини пратеничката група на СДСМ ќе се воздржи од изјаснување односно ќе гласа воздржано. Бидејќи не сакаме во тој контекст никого да навредиме односно ничија личност или кариера да ја омаловажиме и затоа сакаме да бидеме посебно внимателни при тоа. Политичкиот став и принципите кои беа кажани дека по изгласувањето на Законот за Републички судски совет е отворена постапка за избор на нов се само начелни принципи и се однесуваат за сите  не навлегувајќи и недискутирајќи за личните карактеристики на предложените кандидати со целосно уважување и почит кон нивната стручна кариера.

Овде беше кажано од опозицијата дека ние сме ги нарекле неподобни, значи со ова претходно што го кажав ги демантирам тие искажувања од опозицијата дека е

некој неподобен. Напротив, апсолутно ниту беше кажано ниту некој мисли дека е некој неподобен и се оградувам од таквите дискусии на опозицијата.

Исто така беше кажано од опозицијата дека сето ова е во контекст на точката на избор на судии, бидејќи се зборува за избор дека ние сме поставувале партиски членови, цитирам партиски членови, јас веднаш најенергично сакам да ви се спротивставам и да ви кажам односно да ве повикам да кажете кој е тој партиски член со партиска книшка што СДСМ го поставил за судија. Наспроти вашето изјаснување јас ќе ви кажам конкретен пример за член на РСС кој е сеуште актуелен г-динот Томислав Стојановски кој беше партиски член на ВМРО-ДПМНЕ и актуелен потпретседател на Собранието. Значи, по тој основ вие тогаш ги прекршивте тие принципи и ние како опозиција тогаш реагиравме и еве ви пример како вие го партизирате судството односно оние луѓе кои треба да одлучуваат за судиите.

Исто така друг пример ако сакате ќе ви кажам со предлогот на актуелниот судски совет партизиран од ваша страна на г-динот Никола Николовски, за судија на Врховен суд каде не беа исполнети ниту еден од елементарните критериуми г-динот нема ниту еден ден член на партија, член на ДИК, од ВМРО-ДПМНЕ да нема ни еден ден судиско искуство, а наеднаш да стане член на Врховниот суд. Со тоа Републичкиот судски совет и ВМРО-ДПМНЕ ги навреди сите стручни и чесни судии, со таквиот избор. Тоа е преседанот.

Како против теза на ова и координаторот го кажа, ќе го повторам, да биде јасно пред јавноста. Ние не правиме опструкција на пределозите на овој судски совет иако сега е намален кредибилитетот, неспоред е легитимитетот тој е сеуште на функција до изборот на нов, меѓутоа, од принципиелни причини на некои од минатите седници гласавме токму за  постојниот Судски совет за кое вие не обвинувате дека по секоја цена ги отфрламе. Не е точно, ние ги гласавме. Меѓутоа, сега сме доведени во таква ситуација и тоа е појаснето доколку некој од овие кандидати повторно од новиот состав на советот биде предложен со соодветно образложение, ние апсолутно еве јавно и координаторот тоа го кажа, ви повторуваме јавно од говорница дека ние ќе ги поддржиме тие луѓе. Значи, не станува прашање за нивната подобност или нивниот авторитет или стручни компетенции.

На крајот ве повикувам да се престане со обвинувањата од страна на опозицијата дека овие работи во судството за изборот на судскиот совет се користат зборовите, значи да се оградите и да се воздржите од квалификациите кои ги отфрламе за партизирање на судството, за политички интереси, за притисок на

судството, за влијание врз институциите, за демонстрирање на власт и она што успеав да го фатам како забелешка од вашите неконструктивни зборови кои навистина нема аргументи за тоа и грдо звучат искажани од оваа собраниска говорница, а бидејќи на сите ни е целта навистина судството да биде независно, а пред се темелејќи се на личните квалитети на луѓето кои ја извршуваат таа функција.

Сосема на крајот, бидејќи во јавноста упорно опозицијата го наметнува прашањето за пензионирањето на судиите дека сме направиле упад, дека е тоа против уставно. Ве молам да ги разграничите тие две работи, начинот на избор, амандманот на законот и амандманот за пензионирањето. Запаметете пензионирањето нема врска со начинот на избор. Начинот на избор вели односно Уставот вели дека се бираат тројца од редот на оние заедници кои не се мнозинство. За да испаднат тројца и да се изберат тројца ве молам одговорејте ми кој е критериумот, кој е тој што ќе каже кои тројца ќе испаднат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-дине Кондарко расправата за судскиот совет заврши вчера во Собранието...

БОРИС КОНДАРКО:

Завршувам претседателе ова е во контекст на дискусијата, ве молам, Вие им дозволите да разговараат за Судскиот совет.

Меѓутоа, опозицијата упорно зборува за избор на судскиот совет. Јас завршувам. За пензионирањето, вие зборувате дека е неуставно, Ве молам, го поставувам прашањето дали може да се суди дека е нешто неуставно ако нешто не постои. Каде во Уставот пишува дека има ограничување. Тие две работи се независни една од друга дури и да замичите дека го нема амандманот за пензионирање мора да се изврши смена на целиот судски совет.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, прибегнувате на тактика дека по секоја цена нема да го уважите тоа што јас го кажувам. Благодарам на таквиот однос.

Караџоски, барате реплика? (не) - дискусија.

Блаже Стојаноски - реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Морам, да реплицирам затоа што навистина треба да се свати дека судиските места се долговреме испразнети. Сигурно неколку месеци се поминати од објавувањето на огласите. Конкурирале лица кои аплицирале да бидат судии.

Републичкиот судски совет држел сендици на кои врз основа на критериуми кои ги утврдил кандидатите кои се доставени до Собранието. Собранието еве месец дена ги имаме тие прдлози сега одржуваме седница и ги разгледуваме тие предлози. Навистина се работи за една несеризоност кон потребите на судството, зборувам за постапувањето на судовите по однос на предметите односно директно се засегнуваат граѓаните заради пребукираноста на судовите со предмети заради испразнетоста на овие судијски места.

Ако ова не се довони аргументи г-дине Кондарко јас незнам кои се вашите конструктивни начини на размислување, а во однос на Републичкиот судски совет незнам зошто дискутирате затоа што вчера изгласавте без никакви дискусии. Вчера можевте да дискутирате и да и кажете на јавноста сето ова што го мислите сега. Ако навистина сакате тоа да го направите повелете искажете се, меѓутоа, дозволете ние да го кажеме нашето мислење.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Мавровски реплика на Кондарко.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Би бил многу краток, г-динот Кондарко упорно не убедува и можеби ќе не убеди дека судиите во Македонија се токму припадници на ВМРО - ДПМНЕ и тоа ме радува, гледам дека четири години многу од тие кривични пријави што беа дадени воопшто не се решени, продолжуваат и денеска да се решаваат. Тоа е едното.

Второ, јас незнам како можеме тука да бираме 154 јавни обвинители и од тие 154 ни пет од нив да не бидат избрани без никакво образложение од страна на пратениците на СДСМ. Јас незнам колку тие 154 луѓе ги познаваа, за тие пет луѓе да испаднат. Дали беа членови наВМРО-ДПМНЕ или на СДСМ или беа луѓе кои беа предложени од нивните средини останува на г-динот Кондарко кој не кажа за ни еден од нив, а гласаше против, можеби тој ја знае вистината, а ова можеби по неколку негови разговори ќе ме убеди дека точно судството е од ВМРО-ДПМНЕ.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали има некој од пријавените што бара реплика?

Зоран Крстевски бара реплика претпоставувам на Кондарко, а другите ако бараат процедурално ги молам да се пријават.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Само да го потсетам младиот пратеник, бидејќи веројатно не се сеќава на г-динот Ристо Масев, беше пратеник на СДСМ, а истовремено судија на Онсовен суд. Така што нека не се вадат работи за кои вкупната одговорност на повеќе состави на парламенти во изградбата на независните судски органи сме ја прекршувале. Има штети и на едната и на другата страна. Само сакам да кажам нашиот Устав не прави дистинкција помеѓу неизбирливост и неспојивост. Значи, не е забрана на луѓето кои се во партиите во моментот кога има избор на некоја јавна функција да не бидат кандидирани, мислам дека би било нешто што не треба да се осудува, не треба во нивните партиски и политички ангажмани да се гледа дека тоа е мана и заради тоа не треба да бидат бирани, поготово лошо е да се спомнуваат личности на починати луѓе кои не можат во јавноста да се бранат, така да се држи до еден дигнитет на ова Собрание.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-ѓа Којзаклиска побара процедурално.

МАРИЈА КОЈЗАКЛИСКА:

Г-дине претседателе денеска на дневен ред имаме избор на судии на Уставен суд на Република Македонија. Прв за збор се јави г-динот Јани Макрадули и го изнесе ставот на СДСМ и на Пратеничката група.

Јас би ве замолила, со оглед на тоа што имаше многу дискутанти, па или вие или г-динот Јани Макрадули го дефинирате ставот на СДСМ по оваа точка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа не е процедурално.

Господа Пеева процедурално.

АНЃЕЛКА ПЕЕВА - ЛАУРЕНЧИЌ:

Почитуван претседателе,

Најпрвин Ве замолувам Вас, а потоа сите колеги пратеници, без оглед на која праеничка група припаѓаат да се држат до точката на дневниот ред тоа е конкретниот избор на судија, а расправите околу зависноста или независноста и политичките конотации во судството да ги оставиме во друга прилика или требаше да ги направиме вчера, доколку сакавме тоа да го сториме.

Би ве замолила на било кого да му го одземете зборот доколку излезе од точката на дневниот ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви благодарам, и ја прифаќам вашата процедурална забелешка.

Со оглед дека постојано се пријавуаат понекоклу луѓе за процедурално и реплики јас објавувам пауза од 10 минути, ќе продолжиме во 12,20 часот, мислам дека атмосверата за работа е нарушена и затоа објавувам 10 минути пауза.

Седницата прекина во 12,10 часот.

(По паузата )

(Седницата продолжи со работ аво 12,30 часот)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со расправа.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, јас се извинувам што повторно го користам правото за дискусија, но некако сум предизвикан за некое дообјаснување.

Навистина држат сите забелешки дека на некој начин се бега од точката на дневен ред, но јас ќе бидам конкретен и ќе се држам до точката на дневен ред.

Значи, ние зборуваме за избор на судија во Уставен суд на Република Македонија, поточно по Предлогот госпоѓата Весела Муковска-Чингова да биде избрана за судија во Уставниот суд на Република Македонија. Околу тоа треба да дискутираме, а не да ни се случува дискусиите да ги претвораме во дискусија какво е нашето судство, што се треба да се презема во судството, колку предмети имале судовите, колку се агилни илине агилни и т.н.  Тоа еден од претходните дискутанти навистина го изнакажа буквално ни одржа едно предавање, меѓутоа факт е дека сета таа дискусија не се однесува на точката на дневен ред, затоа што зборуваме за Уставен суд. Ако зборуваме за работата колку Уставниот суд има предмети и каква е неговата ажурност, тогаш тука треба да ги насочиме дискусиите во однос на процесните судови за кои што г-динот Ќурчиев ни објаснуваше.

Истот ака по се изгледа и г-динот Кондарко има некоја своја задача, буквано да ги бележи сите реченици и искази и зборови што ги спомнува опозицијата и да ни изиграва овде некој лектор, колектор на она што ние го зборуваме т.е. зборовите

биле вакви или онакви. Јас мислам дека не е тоа цел и не е тоа задача на г-динот Кондарко, туку она што е точка на дневен ред.

Од друга страна јас ќе повторам она што претходно кажа, само што сега малку ќе конкретизирам.

Ме чуди оној принципиелен став за кој што претходните дискутанти го искажаа дека заради принципиелни причини, заради овој Републички судски совет, што значи дека ќе се почека новиот Републички совет и доколку некои од овие кандидати, кои што се во следнит еточки, па и госпоѓата за која зборуваме биде предложена од страна на тој Републички совет ова пратеничка група која што денеска се изјасни дека ќе биде воздржана дека тогаш би го подржала тој став. Значи апсолутно не ми е јасно ако кандидатот за кој што зборуваме ги исполнува условите, јас незнам во што е тогаш принципиелниот став и не е битно кој состав на Републичкиот судски совет го предлага. Факт е дека Републичкиот судски совет со ваков или инаков персонален состав е институција која е единствена меродавна и надлежна да предлага она што денеска го предлага. Според тоа ако не се доволни податоците дека госпоѓата Весела Муковска-Чингова има објавено книга, под точка 1 “Уставното судство”, теорија и практика , Дигитинк Скопје издадено 2002 година. Ако не е доволен податок што таа е автор на пвоеќе статии меѓу кои - Уставното судство и правната држава во Република Македонија; Независното судство и правната држава издадена 1997 година; Суверенитетот и уставниот поредок во Република Македонија; Годишник на Правниот факултет - Скопје издаден 2001 година. Значи на Правниот факултет се учи и се едуцираат студентите врз основа на овие статии кои што дотичната особа ги има издадено.

Според тоа јас не би сакал и другите да ги читам, меѓуто во најголем дел се статии и книги издадени од страна на уставната материја што значи дека апсолутно не ја гледам причината заради некаков си принципиелен став кој што овде сака да се оправда по однос на оваа личност за која што зборуваме. Можеби по одноа на другите точки држи тој принципиелен став, меѓутоа по однос на оваа точка апсолутно не ја гледам потребата зошто истата личност да ја доведеме во ситуација сега со еден воздржан став не биде подржана, доколку некој друг Републички судски совет, кој ќе биде избран понатаму, истата ја предложи тогаш би гласале за.

Јас не верувам во оние искази, особено не во исказот на г-динот Кондарко дек адоколку новиот Републички судски совет ја предложи дотичната особа тие ќе ја гласаат. Јас сум убеден дека таква грешка сигурно нема да си дозволи мнозинството со самиот факт што при изборот на Републички судски совет, оној кој што ќе следи,

јасно и гласно ќе му биде ставено до знаење дека грешки надвор од вкусот на парламентарното мнозинство нема да се дозволуваат и длабоко сум уверен дека еден ваков предлог, за една ваква особа која што навистина ги исполнува сите услови да биде уставен судија и тоа ценет и почитуван уставен судија воопшто ќе биде предложена од новиот Републички судски совет, ниту пак ќе биде дадена можност на парламентарното мнозинство да го оправда овој принципиелен став кој што денеска го зазема позицијата.

По однос на тоа искажани зборови дека некои од судиите се качувале на бини и т.н., навистина максимално се трудев да го сватам г-динот Ќурчиев меѓутоа не успеав да го разберам затоа што беше многу апстрактен, а не многу конкретен јас би го замолил да ги конкретизира тие работи, кои се тие судии што се качувале на митинзи по бини и т.н. и на кого алудира и што е на крајто а краиштата тоа толку битно ако за работата на судиите се знае кој одлучува и се знае според закон кој е меродавен да ја цени нивната работа.

Според тоа јас би ги замолил пратениците од позицијата кои што сега искажаа воздржан став по однос на овој кандидат што е предложен да го преиспитаат ставот по однос на принципиелноста за која што зборуваа и навистина на оваа госпоѓа да им дадеме подршка коај апсолутно ја заслужува и да го комплетираме уставниот суд онака како што треба согласно сите рокови што поминаа. Да бидеме максимално ангажирани во тој правец за да можеме и на тој суд да му дадеме простор да си ја врши својата работа, а и да не навлегуваме во некои работи кои што на крајот на криштата ќе повредат одредени човечки личности.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Господине претседателе јас практично се јавувам за реплика на г-динот Кондарко.

Би сакал да го замолам неговите говори да не бидат 90% што рекла опозицијата, нормално ова е замолница, тоа е негово право ако говори после нас. Кога говори пред нас тогаш во секој случај неговите говори се полни со квалификации кои се неосновани и дрски према опозицијата. Значи би сакал во говорите да се сконцентрира на она што е на дневен ред.

Инаку, кога ќе споменува имиња на луѓе кои што биле во комисиите, изборните комисии, како што го спомна г-динот Никола Николовски јас би го потсетил дека требаше да го спомене и г-динот Прчевски кој што го избравме овде за шеф на сите јавни обвинители во Република Макеоднија, човек кој исто така беше во изборна комисија за време на парламентарнита избори. Значи тоа е надвор од темата и да не употребуваме такви имиња, а кога ќе употребуваме тогаш да бидеме доследни до крај. А, можеби е многу поголем списокот , вака вадење од контекс само на одредени имиња е оцрнување.

Инаку, позитивно се изјасни за кандидатот и тоа е добро, ме радува тоа, само незнам зошто ќе гласа воздржан, ако гласа воздржан по сугестија на координаторот на СДСМ. Значи, јас повторно би ги замолил да се надминат себе си со оглед на тоа што се разви голема дискусија сметам дека би требало да се подржи овој предлог , да не се бара да се повлече од Републичкиот судски совет или да се остави прдлог да даде следниот Републички судски совет.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Бидејки преески не ми дозволивте, не било процедурално јас ќе го поставам истото прашање до колегата Јани Макрадули што всушност сакаше г-динот Јани Макрадули да каже со неговото прво обраќање како дискутант? Кој предлог бараше да бид еповлечен со оглед на тоа дека се работи и за предлогот на Комисиајта за избор и именување, г-динот Теофил Томановиќ. Беше спомната една година до пензионирање, беше спомнат кредибилитетот што го немал Републичкиот судски совет, па би го замолила ако сака да ми објасни.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само да потсетам дека сега расправаме, поединечен претрес водиме за избор од предлогот на Републичкиот судски совет.

Господин Камчев бара збор процедурално.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Јас се извинувам господине претседателе, меѓутоа дали може истиот пратеник 6 пати иста дискусија да ја повторува пред ова Собрание и да задржува

време практично како да се премисли пратеничката група која изјавила дека ќе гласа воздржано.

Ве молам опоменете ги , иста дискусија по  четврти или петти пат ја повторуваат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас се јавувам прв пат за дискусија, затоа што досега се јавував процедурално и за реплики, па сметам дека ова нема да му пречи на колегата пратеник да гиислуша моите аргумени за точката коај што е ан дневен ред во овој момент.

Истовремено сметам дека вчера доволно се заштеди време во однос на дискутирањето затоа што експресно се донесоа многу точки, па денеска имаме време малку повеќе да продискутираме околу сите овие точки што се на дневен ред на денешната седница.

Инаку, сакам да кажам некои факти, некои аргументи за кои што сметам дкеа држат и кои што не се мотивирани политички, туку се мотивирани од реалната потреба со која што се соочува и првосудството и судството, меѓутоа во овојмомент сакам да искажам една подршка најнапред за предлогот кој што е доставен од Републичкиот судски совет односно предлогот за судија на Уставниот суд госпоѓата Весела Муковска-Чинго, со цел да искажам едно навистина големо задоволство од тоа што Републичкиот судски совет нашол доблест да предлага вака еминентни имиња за членови на Уставниот суд. Се надевам дека тоа ќе го имаат во предвид сите пратеници затоа што она што беше искажано во претходните дискусии од претходните дискутанти е засновано на реални податоци, реални факти. Се работи за истакнат професор по уставно право и сметам со целокупниот нејзиндосегашен ангажман како професор, како човек кој што едуцирал студенти по таа проблематика е човеккој што навистина претставува стручњак од обласа која што е третирана од стран ана Уставниот суд односно уставноста и законитоста на прописите е еден од најбитните аргументи кои што ме тераат да размислувам на овој начин на кој што разговараме.

Инаку, кога зборуваме за судиските места во целина сметам дек атреба да се има во предвид временската димензија на овој проблем. Ова од причина што пред малку започнав да го искажувам сакам да го дообјаснам.

Долг временски период се работи за едн апроцедур акоај што согласно Уставот и законите ја спроведува и Републичкиот судски совет и ние како Собрание имаме донесено одлуки за објаввување на огласи за избор на судии и на тој начин ние сме ја утврдиле неопходната потреба од именвување на нови судии кои што треба да бидат именвувани во процедура и во постапка коај што е предвидена согласно законите. Законот јасно и децидно утврдува дека Собранието е орагнот кој што ги бира судиите, како што го бираме во овој момент судијата на Уставниот суд.

Предлагачите, дали е тоа Републичкиот судски совет во овојслучај, или тоа е Комисијата за избор и именвуања во точката за избор на Уставен судија кој што го имаме добиено како предлог кој што следи по овој, или кога се работи за избор на судии кои што се предложени тука со Одлука на Републичкиот судски совет како колективен орган сметам дека тоа не доведува во ситуација на една голема одговорност пред јавноста, пред нашите избирачи во однос на потребата на извршување на судиските надлежности и пред судските оргаи.

Кога се работи за именвување на една ваква личност за судија на Уставниот суд морам да истакнам дкеа тоа е неопходно потребно и на самиот Уставен суд кој што во овој момент имавме еден случај во кој што беше поднесена оставка од еден член кој што го избравме само пред месец дена. Тоа не треба да се повторува со тоа што би се разговарало околу квалитет или неквалитет на личности, затоа што сите личности што беа предложени пред овој Парламент беа со претходно утврдување на нивните стручни способности, меутоа проблем беше во однос на почитувањето, на размислувањето на вкупната стручна јавност од оваа област. Со изборот на кандидатот што е на днвен ред денеска за судија на Уставниот суд ќе докажеме дека сме имале чувство ислух за избор на човек кој што навистина стручно ќе може да придонесе во работат ана Уставниот суд.

Од друга страна со ова што беше кажано претходно од страна на некои колеги пратеници во смисла на политиката во судството сметам дека јасна е состојбата во правосудството и тука не сакам да навлегувам затоа што во фаза е реформа во судството, а за предметите кои што се решаваат, начините на кои што влијаат луѓето врз судиите тоа е работа која што сметам дека не треба да се разгледува на овој Парламент, туку таа работа треба да ја разгледуваат надлежните органи односно Републичкиот судски совет и останатите органи кои што се надлежни за оценување на тие работи, на работењето на судиите и на судовите во целина. Меѓутоа се покажува како факт една работа која што постојано лебди во воздухот , а тоа е дека гласањето воздржан односно не гласањето за предложените

кандидати од страна на најголемат апартија во Парламентот односно СДСМ дирекно ќе значи одолговлеквуање на процедурата.

Имено, при донесувањето на законот за Републички судски своет беше искажана дилемата околу неговата уставност. Тука се дискутираше на тој план, истовремено и Претседателот на државата укажа на тоа дека навистина има дилеми околу уставноста на овој закон. Сметам дека изборот на овие судии кои што се на дневен ред денска ќе значи дирекно влијание на остварувањето на судската функција на еден нормален начин во една нормална состојба, затоа што ако чекаме да се избере нов Републички судски совет, тој Републички судски совет да даде нови предлози за судии и тие судии да дојдат како предлог на седниц ана Собрание верувајте дкеа тоа нема да заврши сигурно до којот на оваа година, затоа што сите знаеме дека согласно Деловникто ќе почнат летните одмори, а од друга страна самата процедура околу донесувањето и содржината на Законот за Републички судски совет можеби ќе предизвика и потреба од донесување на соодветни одлуки од ..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Стојановски се одалечивте полека ама сигурно од точката на дневен ред. Навлеговте во точки кои не се на дневен ред и ве предупредувам за тоа.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Кажувамод кои причини треба да се гласа за судиите. Имаме предлог од Републичкито судски совет за кој што СДСМ кажа дека нема да гласа.

Меѓутоа имајки ги во предвид овие факти сметам дека на оваа седница треба да се најде доблест да се изберат судиите кои што ги има предложено Републичкиот судски совет. Јас лично сметам дкеа тоа ќе го направи целата моја пратеничка група, ќе гласа за сите оние кои што се предложени за судии, независно дали предлогот е од Републичкиот судски совет или од Комисијата за избор и именвуање. Меѓутоа факт е едно. Негласањето за овие  предлози ќе значи избор на судии, кое што ќе заврши некаде кон крајот на оваа година, затоа што тоа е поврзано со рокови. Треба да се објавуваат нови огласи за избор на судии. Тие огласи ги објавува ова Собрание ..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Стојановски дебатирате за наредни точки од дневниот ред. По втор пат Ве опоменвуам дека не сте на оваа точка.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сметам дека ова е предлог на Републичкиот судски совет. Гласањето по овој предлог ќе има влијание врз гласањето по останатите точки и од тие причини ги кажувам овие аргументи.

На крајот, бидејки тоа ми сугерирате, сакам да искажам едно стравување од одолговлеквуање во недоглед на избор на повеќе судии кои што навистина се неопходно потребни за да функционира нормално судстка власт во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави предлагачот Никола Дескоски.

ЈОРДАН ДЕСКОСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Со почит кон сите многу сум задоволен од координацијата со Претседателто на Собранието во однос на изборот и утврдување на предлогот за судии на Уставниот суд, бидејки не се распишув аоглас, не се распишува конкурс, може исти лица да се повторат од сите. Координацијата е многу добра  и одлучено беше според европскито став на институтите дека моќта за правно творење, правно работење е некаде до 70 години.  Тоа не значи дека некој не може на 71 година, на 72, меѓутоа се што договоривме Претседателот на Собранието го прифати и така се постапуваше. Сите што се избрани, ниеден нема што ќе наполни 70 години, или повеќе од 70 кога ќе му заврши мандатот за тие 9 години. Се беше во ред.

За Републичкиот судски совет најважно беше да не се политизирани тие луѓе. Многу беше важно да се компетентни за таа функција. Кога велам компетентни, верувајте ми јас сум човек од практиката, ама за судство, но за уставно судство подобри правници се со искуство од управа.

Тоа ние правници сме, знаеме што е. Што мисли  Јордановски дека не сум бил компетентен за тоа не му замерам, бидејќи не е тој тоа што сум јас. Да беше електроинжинер и да ме критикуваше ќе му верував. Овде е многу важно дека

Републичкиот судски совет предложи двајца доктори по уставно право. Предраг Лиманоски со големо искуство од Управа и госпоѓа Чингова која исто сега е избор за редовен професор, а таа е вонреден  професор. Таа и како човек е угледен човек и не е исполитизирана. Таа е од угледно семејство, помлада сеста е на Живко Чинго, сега ние да ја шамараме, мене многу тешко би ми дошло, а не смееме да дозволиме Уставниот суд да не е комплетен. Ако вториот кандидат има причини за нешто да се одложи оваа расправа, зборуваме за Уставниот суд. Инаку по однос на судскиот совет, таму вие предвидувате преодна одредба во рок од 60 дена да се избере нов судски совет. Чекајте луѓе 60 дена не се поминати, не е објавен законот. Каков ви е тој став за Републичкиот судски совет да биде донесен законот. Донесен е ама не е објавен. Тој закон не се применува пред да се објави. Сега јас го сваќам ова, првете како што ќе правите. Со силата на кревање на рака се можете да направите. Меѓутоа, од времето на Уставниот суд кога беше професорот Митков во Уставниот суд, ние немаме ниеден правник доктор на уставно право предложени од судскиот совет и дали се компетентни да видиме. Ние сме компетентни да знаеме кој се компетентни. Сигурно покомпетентни се овие двајца од сите што се таму присутни. Ако е вашиот став таков, ако треба некои други договарања, ова е Парламент, јас ве сваќам сите, јас најдобро ве сваќам одложете ја точката, комплетирајте го Уставниот суд и немојте да го оставите Уставниот суд  со седум члена. Уставниот суд се бира во пакет, а никогаш тоа не е направено. Затоа размислете нека се одложи, за оваа точка зборувам, а за другите точки што се за судиите јас незнам што треба да изберета а што не треба да изберете, меѓутоа, страда судството. Меѓутоа, за Уставниот суд мора да се комплетира, во спротивно тој не функционира. И изборот за претседател од 7 члена избор а не од 9. Тие двајца нови членови имаат право да бидат бирани за претседатели или да учествуваат во изборот.

Дами и господа, господине претседателе, како што сме ве разбрале, тоа што сме се договориле, застанете, размислете ако сега е моментот, не е зрела оваа точка за решавање, одложете ја.Одлагање е друго, а повлекување е друго. По однос на техниката, јас незнам што значи тоа, а во однос на право, повлекување е друго, а одлагање е друго. Тие се две суштински работи. Знам вие електроинжинерите, вие сте политиколози.Верувајте, сега се чуствувам како Владиката Арсение во  1762 лето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, само морам да укажам дека овде пратениците извршуваат државна функција согласно Уставот, без разлика на нивниот образовен статус. Сите се овдека еднакви и имаат еднакви права.

Го заклучувам претресот.

Пртедлогот Весела Муковска-Чинго да биде избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеника, за гласале 18.

Констатирам дека Весела Муковска-Чингова не е избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот Теофил Томановиќ да биде избран за судија на Уставниот суд на РМ.

Господинот претседател на Комисијата денеска се изјасни дека сака консултации со предлагачот на Комисијата на паузата таа ќе биде за неполн час и затоа предлагам да поминеме на наредната точка, а во 15,00 ќе продолжиме по таа точка кога вие ќе извршите консултација.

Минуваме на точката 26 - Предлог за избор на судија на Врховен суд на Република Македонија.

Предлогот на Републичкиот судски совет Ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Благој Доневски да биде избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, бидејќи се работи за избор на судија во Врховниот суд, сакам да ја искажам нашата поддршка во однос на сите судии, не само за изборот на судии на Врховниот суд, туку за сите судии што се предложени во текот на денешната седница.

Истовремено, сакам да апелирам до парламентраното мнозинство, да биде свесно за одговорноста која што ја носи и да не се однесува како пред малку да го измени својот став заради партиските интереси, навистина партиските интереси се една работа, а функционирањето на државата претставува сосема друго за која што и ние како пратеници носиме огромна одговорност.

Тргнувајќи од овие причини апелирам да бидат изгласани судиите, кои што ќе значат навистина едно подобрување во функционирањето на судскиот систем во Република Македонија и со неизгласувањето на оваа седница, или со гласањето како што беше во претходниот случај, навистина ќе се одрази директно нашата одлука на функционирањето на судството, затоа што повторно треба да се огласува избор на судии, доколку се чека изборот на нов Републички судски совет, тоа ќе треба да трае затоа што сеуште не е влезен во сила Законот за Републичкиот судски совет, кој ќе влезе по објавувањето и после тоа треба да има седница каде што ќе се врши избор на нов Републички судски совет, па таа одлука треба да влезе во сила, а тој Републички судски совет ќе треба да одржи седница, затоа што ќе ги разгледа кандидатите што ќе бидат преддложени по огласот и на тој начин изборот на судии воопшто односно од Апелационен до Врховен суд ќе биде реализиран дури кон крајот на оваа година доколку не се случи нешто друго во однос на оценката на уставноста на Законот за Републички судски совет, која што е проблематична.

Од овие причини јас апелирам да бидат изгласани судиите. Од новиот Републички судски совет кој што сака парламентарното мнозинство да го изгласа, иако на тоа немаше право меѓутоа, тоа е силата на политиката, отколку силата на правото очигледно. Сметам дека согласно гласањето на сите овие предлози ќе успееме да се надминеме себе си и да ја сватиме државната одговорност која што ја имаме во овој момент при гласањето за сите судии кои што се предложени од страна на Републичкиот судски совет, имајќи ги предвид сите потреби на судовите во Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Благој Доневски да биде избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, 16 за.

Констатирам дека Благој Доневски не е избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Минуваме на точката 27 - Предлози за избор на судии на апелационите судови во Скопје, Битола и Штип.

Предлозите од Републикиот судски совет Ви се доставени.

Знаете дека претресот го водиме поединечно.

Отворам претрес по предлогот Надица Андреева да биде избрана за судија на Апелациониот суд Скопје.

Молам, дали некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Надица Андреева да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, 15 гласале за.

Констатирам дека Надица Андреева не е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Ѓорѓи Христовски да биде избран за судија на Апелационот суд во Битола.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Ѓорѓи Христовски да биде избран за судија на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 15.

Констатирам дека Ѓорѓи Христовски не е избран за судија на Апелациониот суд во Битола.

Отворам претрес по предлогот Наќе Ѓорѓиевски да биде избран за судија на Апелациониот суд во Штип.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Наќе Ѓеоргиевски да биде избран за судија на Апелациониот суд во Штип го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 14.

Констатирам дека Наќе Ѓеорѓиевски да биде избран за судија на Апелациониот суд Штип.

Минуваме на точката 28 - Предлози за избор на судии во Скопје 1 - Скопје, Прилеп, Гостивар, Тетово, Струга, Крива Паланка и Радовиш.

Предлозите на Републичкиот судски совет Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот Ристо Спасов, да биде избран за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Ристо Спасов да биде избран за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, 15 гласаа за.

Констатирам дека Ристо Спасов не е избран за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Отворам претрес по предлогот Сашо Патовски да биде избран за судија на Основниот суд во Прилеп.

Молам, дали некој бара збор?

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, неможам да не се јавам за збор, кога станува збор за Основниот суд во Прилеп и како прилепчанец и како граѓанин на Република Македонија сакам да искажам неколку свои забелешки.

Прво, на сите пратеници да им укажам дека огласот за избор на двајца судии во Основниот суд во Прилеп е објавен на 15.11.2002 година. Денеска сме 25.06.2003 година, што значи по предлогот прв пат да се расправа на Собранието, по однос на двајца судии, а и повеќе други судии во основните судови, помина речиси скоро цела година. За тоа, Основниот суд во Прилеп веќе трпи две упразнети места, поточно за двајца со двајца неизбрани судии. После некој ќе рече  зошто судовите се неажурни, имаме многу предмети и така натаму, а кога треба да ја спречиме таа неажурност од проста причина барем судовите да бидат комплетирани, со потребниот број судии, согласно Законот за судови, тогаш наоѓаме принципиелни причини, кои што принципиелни причини не само што ќе го одложат времето за избор, кога што најмалку ќе помине уште седум-осум месеци, туку најверојатно ќе го одложи, односно ќе го измени персоналниот состав на предложените кандидати. Очигледно е дека не станува збор, барем кога станува збор за оваа точка од дневниот ред, значи не станува збор за принципиелните забелешки, туку очигледно е на овој оглас на Основниот суд во Прилеп биле пријавени 25 кандидати и сега кога од 25 кандидати треба да се предложат двајца, многу е нормално да биде тешко и многу е нормално тие двајца кандидати бидат по вкус на комплетната партија СДСМ, затоа што разни луѓе постојат во СДСМ, па за едни господинот Сашо Патовски е подобен за едни, за други не е и на крајот на краиштата откога ќе се слушнат премногу расправии,

најдобро е да се најде принципиелна забелешка и да се повлечат, да се изгласа се воздржано, за да може да се создаде простор во идниот Републички судски совет односно во идниот персонален состав на Републичкиот судски совет, работата да се заврши таму, а овдека на наредната седница по однос на избор на нови судии во Прилеп да помне се глатко, со еден принципиелен став дека мнозинството на пратеничката група на СДСМ во принцип ги поддржува сите предлози на Републичкиот судски совет од проста причина што тој е компетентен орган да предлага судии.

Јас господине претседателе ќе ве потсетам на едно минато време, кога седевте во овие клупи во претходниот мандат и добро ве памтам и слушам кога буквално за сите избори на судии како координатор на пратеничката група на СДСМ, тогаш во опозиција станувавте и кажувавте дека ние од тоа тогашно мнозинство како сме можеле да гласаме за одредени случаи кога сме гласале против, со кое морално право и како сме можеле да гласаме за работи за кои што Републичкиот судски совет е компетентен. Тогаш вашите принципиелни ставови на пратеничката група на СДСМ беа да се поддржува се што Републичкиот судски совет предлага и не ви сметаше што беше тоа истиот состав. Што значи дека сега нешто е поинаку. Значи еволуиравте, народот тоа добро го чувствува, факт е дека по оној СДСМ претходно во опозицијата и еве денеска не е ист и добро е луѓето да се менуваат, но кога е во позитивен правец. Кога е во негативен треба добро да се размислите.

Според тоа, ќе завршам, за мене господинот Сашо Патовски и другиот кандидат од Прилеп Даниела Момировска се апсолутно неспорни и сметам дека се и стручни и компетентни и самиот факт што доаѓаат како стручни соработници, а едниот дури и секретар на Основниот суд во Прилеп, апсолутно заслужуваат да им се даде шанса да бидат судии, затоа што долго време еве девет години од вкупно 11 години работен стаж поминале како стручни соработници. Ако тоа не е доволен показател, јас навистина незнам што е показател, колку треба човек да работи како стручен соработник и што треба направи да биде избран за судија или на крајот на краиштата на кого во СДСМ во Прилеп еве конкретно овие двајца луѓе да се обратат за да знаат дека во иднина ќе бидат избрани. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Караџоски, благодарам што ме потсетивте на моите опозициони денови во столчето пред вас, меѓутоа дозволете да кажам кога веќе ме спомнавте апсолутно е неточно тоа што го изјавивте дека за се сме гласале и сме имале

доверба целосна туку сме оделе така како што ни е уставното овластување и за да го негирам вашето тврдење ќе изнесам само два примери.

Едниот пример е за последниот избор на судија на Врховен суд гласавме против, јас имав дебата со оглед дека не е доволно и за сите членови на судскиот совет гласав против, и дури се сеќавам кога јас дебатирав за консеквенциите од избор на луѓе кои се членови на вашата партија во судскиот совет, именуваниот член тогаш потпретседател на Собрание од говорницата директно ми одговори на мојата дебата дека не е добро да се вовлекуваат во судскиот совет, јас сега ќе бидам избран, а ако ги изгубиме изборите природно е и знам дека ќе бидам разрешен и тоа го очекувам. Еве само два примери ви дадов и понатаму нема да давам. Да се разбира дека може. Имате една минута сега.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Од сите примери господине Поповски, наведовте само еден, она што е конкретна материја а тоа е изборот на судија во Врховен суд кој што го кажавте. Јас не дебатирам за избор на судии на Републички судски совет и не ве спомнав во таа конотација. Тоа што го кажавте држи и свесен сум за тоа, затоа не го ни спомнував. Меѓутоа, спомнев за избор на судии во основните, апелационите и врховните судови. Не е спорно овде зборуваме за основни судови, што значи јас пак ќе ве потсетам, а вие малце погледајте ги и стенограмите колку основни судии предложени од страна на Републичкиот судски совет вие лично немате поддржано, сем овој што беше во Врховен суд.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако треба ќе дадам и други примери. Пред малку рековте ниту еден. Сега испадна еден и тн.

Реплика има господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине Караџоски ќе ве замолам да не се мешате во работите на партиската организација на СДСМ во Прилеп, исто така како што јас не би ве советувал како да ви се однесува вашата пратеничка група и каде ви е првиот ред . Воедно да ве потсетам и да ве прашам дали не гледате одговорност во Републичкиот судски совет, во тоа, што, како што и сами рековте, една година нема предложено или избрано судии на Основниот суд во Прилеп. Дали не гледате

одговорност во нивната работа па сега сакате да ја префрлите на нас пратениците во Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, господин Караџоски реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Макрадули немам намера ниту желба да се мешам во партиските структури и во вашите кадровски решенија. Меѓутоа, од аспект на оние луѓе кои навистина имаат потреба да бидат судии, од прости причини што и стручноста и се друго им одговара да бидат судии, пожелно е, да не лутаат, да речеме поранешни претседатели, сегашни претседатели, идни претседатели, поранешни пратеници и тн. Навистиа е пожелно да им ја кажеме барем вистинската адреса за да знаат каде да лобираат, што е нормално и воопшто не е чудно. Тоа е една работа.

По однос на одговорноста на Републичкиот судски совет, она што го наметнавте, господине Макрадули, немавте потреба да се мачите со сите овие комбинаторики што ги направивте, со предлог измени за закони и тн. Можеше, едноставно да покренете постапка за разрешување. Можеби тоа ќе беше најзгодно и најпрактично решение и така целата работа ќе се завршеше без некои посебни демагогии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика има господинот Гешоски.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Оваа моја реплика е упатена до колегата Караџоски со кого сум реплицирал многу пати, бидејќи и двајцата сме од Прилеп. Јас сум признал дека тој како поранешен адвокат повеќе од мене, можеби, ги познава приликите во Основниот суд во Прилеп. Меѓутоа, тогаш, кога како партија имаме еден јасен став дека од принципиелни причини нема да гласаме за предложените кандидати, не знам од каде му е нему правото на прилепските случаи да гради некој поинаков став и да дава свои претпоставки и уште повеќе да ја оценува работата на Општинската организација на СДСМ од Прилеп, од причини што СДСМ во Прилеп не работи како општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, не заседава на седници, не носи одлуки на

кои кажува кој и каков е политичкиот став, туку напротив ние го почитуваме она што го предлага Републичкиот судски совет, ја цениме компетентноста на предложените кандидати. Од тука неможам да го разберам никако поинаку освен како додворување на адвокатот Караџоски кон кандидатите кои се предложени да бидат судии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика има господинот Караџоски.

Предлагам после таа реплика да прекинеме со дебата за партиски организации.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Прво, господине претседателе јас воопшто не го спомнав Гешоски и не знам по кој основ му дадовте реплика, дали по основ дека е избран за претседател на СДСМ во Прилеп. Но, добро, еве, имаше шанса да се промовира јавно дека е тој претседателот на СДСМ во Прилеп, па еве ја користам приликата и да му честитам.

Но, добро, ако е тоа така, колку што можев да го разберам господинот Гешоски, со оглед на тоа што овде ме апострофираше како адвокат, морам да го предупредам уште за една работа, а тоа е дека јас не сум адвокат, туку сум пратеник веќе втор мандат. Значи далеку сум од адвокатската функција.

Господине Гешоски, ако добро ве разбрав, вие како СДСМ добро ги знаете нашите работи во ВМРО-ДПМНЕ и ако со ваше допуштање, како што видов нејќете да се мешате во овие кадровски политики и со оглед што мојата професија ја апострофиравте како адвокат, еве јас ви предлагам, тогаш предложете ме мене јас да ви ги искреирам кадровските политики, кога веќе немате кој, испратете ги тие кандидати кои во иднина ќе се кандидираат, кај мене, па ќе најдеме заеднички јазик.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Караџоски, ако се согласувате правилото што мене ми го понудивте, прво би го применил на вас пробно, па после и на другите, само ако некој ве спомне, да ви дадам право на реплика. Се согласувате со вас да почнеме?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Сашо Патоски да биде избран за судија на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници.

За гласале 16 пратеници.

Констатирам дека Сашо Патоски не е избран за судија на Основниот суд во Прилеп.

Отворам претрес по предлогот Даниела Момироска да биде избрана за судија на Основниот суд во Прилеп.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Даниела Момироска да биде избрана за судија на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници.

17 Пратеници гласале за.

Констатирам дека Даниела Момироска не е избрана за судија на Основниот суд во Прилеп.

Отворам претрес по предлогот Спасен Софески да биде избран за судија на Основниот суд во Гостивар.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Спасен Софески да биде избран за судија на Основниот суд во Гостивар го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници.

16 Пратеници гласале за.

Констатирам дека Спасен Софески не е избран за судија на Основниот суд во Гостивар.

Отворам претрес по предлогот Мујдин Бајрами да биде избран за судија на Основниот суд во Тетово.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Мујдин Бајрами да биде избран за судија на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници.

15 Пратеници гласале за.

Констатирам дека Мујдин Бајрами не е избран за судија на Основниот суд во Тетово.

Отворам претрес по предлогот Жаклина Доведен да биде избрана за судија на Основниот суд во Струга.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Жаклина Доведен да биде избрана за судија на Основниот суд во Струга го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници.

11 Пратеници гласале за.

Констатирам дека Жаклина Доведен не е избрана за судија на Основниот суд во Струга.

Отворам претрес по предлогот Млаѓан Митовски да биде избран за судија на Основниот суд во Крива Паланка.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Млаѓан Митовски да биде избран за судија на Основниот суд во Крива Паланка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници.

11 Пратеници гласале за.

Констатирам дека Млаѓан Митовски не е избран за судија на Основниот суд во Крива Паланка.

Отворам претрес по предлогот Злата Костадиновска да биде избрана за судија на Основниот суд во Радовиш.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Злата Костадиновска да биде избрана за судија на Основниот суд во Радовиш го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници.

12 Пратеници гласале за.

Констатирам дека Злата Костадиновска не е избрана за судија на Основниот суд во Радовиш.

Отворам претрес по предлогот Петар Поп - Лазаров да биде избран за судија на Основниот суд во Радовиш.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Петар Поп - Лазаров да биде избран за судија на Основниот суд во Радовиш го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници.

14 Пратеници гласале за.

Констатирам дека Петар Поп - Лазаров не е избран за судија на Основниот суд во Радовиш.

**Минуваме на 29 точка - Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Координативното тело за спроведување на Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето.**

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата поднесе амандман на член 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 61 пратеник гласал за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување на претседател и членови на Координативното тело за спроведување на Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето.

**Минуваме на 30 точка - Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Охрид.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 58 гласале за, 2 воздржани, никој не гласал против.

Ги молам службите да утврдат број на присутни пратеници во салата.

67 пратеници се присутни во салата.

Гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на претседател на Основниот суд во Охрид.

**Минуваме на 31-та точка - Предлог на одлука за огласување именување заменик на вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 60 гласале за, 3 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување именување заменик на вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.

**Минуваме на 32-та точка - Предлог на одлука за огласување именување јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Берово и Радовиш.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 61 гласале за, 2 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување именување јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Берово и Радовиш.

**Минуваме на 33-та точка - Предлог одлука за огласување и именување заменици на основни јавни обвинители на основни јавни обвинителства во Гостивар и Куманово.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Збор бара господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, со оглед на тоа што гледаме дека опозицијата го држи кворумот на оваа седница, ние привремено ќе ја напуштиме седницата, додека не обезбедите 61 пратеник од позицијата. Со оглед на тоа што беа значајни закони, вие гласавте воздржано, ние сега ја напуштаме седницата, како што реков додека не обезбедите 61 пратеник..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа е ваше право.

Ги молам службите, после напуштањето на седницата од ВМРО-ДПМНЕ, да утврдиме кворум.

Доколку има пратеници кои се во ходникот а не се од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, ги повикувам да влезат во салата.

56 пратеници се присутни во салата.

Сега да ја завршите процедурате пред да дојдеме до гласање.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Објавувам пауза до 14,30 часот и после продолжуваме со работа до 17,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Известен сум дека Комисијата за избори и именувања одржа своја седница и го молам претседателот на Комисијата да го извести Собранието за одлуката на Комисијата по точката 25 во врска со предлогот на Комисијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Комисијата се состана и донесе одлука да го повлечеме предлогот. Предлогот се повлекува.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот е повлечен и со тоа точката 25 за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија е затворена.

Со оглед дека имаме 57 пратеници, предлагам да го прескокнеме одлучувањето по 33-та точка и да преминеме на 34-та точка.

34-та точка. Ќе почекаме неколку моменти, само сум известен дека предлагачот, министерот за внатрешни работи е на пат за Собранието.

Имаме 60 пратеници по 33-тата точка.

Предлагам да преминеме на 36-тата точка - Извештај за работа на Јавното претпријатие “Македонска радио телевизија” за периодот март 2002 - март 2003 година. Се согласувате?

Извештајот за работа на “Македонската радио телевизија”, извештаите на Комисијата за транспорт, врски и екологија и Комисијата за економски систем и односи меѓу заедниците ви се доставени.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?

Господин Трајановски Коце бара процедурално.

Господин Трајановски повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Се извинувам претседателе.

Ние како опозиција кажавме зошто ја напуштавме седницата на кратко, додека позицијата не обезбеди кворум за работа. Меѓутоа, гледаме дека не го постигна тој услов. Ние, со оглед на тоа дека имаме обврска спрема граѓаните на Република Македонија, кои што гласаа за нас а воедно и за вас, ние се вративме да работиме на оваа седница за да не се закаже следен ден, да не се трошат повеќе пари, меѓутоа со ова граѓаните на Република Македонија, гласачите особено видоа на 15 септември за кого гласаат, дека гласаат за една позиција која што не е

сериозна во својата работа, затоа што не може да обезбеди минимум услови за работа на Собранието, доколку опозицијата не е присутна во Собранието.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви благодарам и ви благодарам на кооперативноста што влеговте, еве со вас ќе успееме да работиме.

Сега се враќаме на 33-та точка.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 49 пратеници, 46 за, 3 воздржани.

Во салата има 70 пратеници.

Констатирам дека одлуката за огласување именување заменици на основните јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Гостивар и Куманово е донесена.

Преминуваме на 35-та точка - Извештај за работа на Советот за статистика на Република Македонија за период април 2002 - април 2003 година.

Извештајот за работа на Советот и Извештајот на Комисијата за економски прашања ви се доставени и поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господинот Ќахил Аднан.

АДНАН ЌАХИЛ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата,

Денеска имаме извештај за работата на Советот за статистика за периодот април 2002 - април 2003 година. Јас го разгледав овој извештај и јас не би дискутирал во другиот дел што се однесува до другите статистички податоци и извештаи во врска со работата на Заводот за статистика. Јас би се задржал на еден дел што се вели извештај на Советот за статистика во врска со пописот и во врска со работата на Државната пописна комисија. Во однос на извештајот, тука барем голем дел што се однесува за пописните активности, кои беа главна тема во овој период во 2002 година, како носител на тие пописни активности беше Државната пописна комисија во извештајот или многу малку се спомнува, или се минимизира работата

на Државната пописна комисија. Државната пописна комисија со одлука на Владата од 2001 година е формирана со закон, регулирана нејзината работа со тоа што пописот што се оствари на 15 ноември 2002 година и се одвиваше во најдобар можен ред, имаше право и обврска да ги организира овие пописни активности каде што тука таксативно се наброени како активности не на Државната пописна комисија, туку Државниот завод за статистика. Мислам дека оваа работа, оваа информација е во врска со работата на Државниот завод за статистика, не е во ред, бидејќи Државниот завод за статистика беше подреден на Државната пописна комисија. Државната пописна комисија ги носеше сите релевантни одлуки во врска со пописот, со техниката на работење. Државниот завод за статистика само го спроведуваше во пракса она што Државната пописна комисија го креираше како политика и што беше како политика на Владата.

Во овој дел јас само би напомнал, би цитирал, вториот дел од Информацијата за текот на стручните подготовки за пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија за 2002 година. Вели вака: директорот на Државниот завод за статистика детално ги образложи фазите и активностите за текот и подготовките на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија за 2002 година и очекуваните резултати во секоја фаза поодделно. Потенцирам, очекувани, зашто во мојата дискусија ќе кажам зошто баш овој пасус мене ми отвора големи дилеми.

Активностите поврзани за пописот се реализираат во четири генерални фази - подготовка, спроведување на терен, прибирање на податоци, обработка, оценки, анализа на податоци и симинација на податоци. Фазите се меѓу себе поврзани и условени и секој од нив бара исклучително внимателно планирање, подготовка и обезбедување на потребните услови за нејзината реализација. Ова е напишано, кажано од страна на Советот за статистика. Мислам дека е тоа во ред, така треба да биде, но во реалноста се случи нешто сосема друго. Државната пописна комисија ги реализира сите свои активности во врска со законот и спроведе попис, по мене регуларен, со помалку проблеми да кажам, иако проблеми имаше и спроведе попис и на оние места каде 1994 година не се спроведуваше овој попис. Тоа беше во Дебарскиот регион. Иако се очекуваше во постпописниот период Државната пописна комисија да учествува во работата на Државниот завод за статистика со контрола, со давање на мислење, со сугестии и во најмала рака на Државната пописна комисија да се поднесуваат извештаи во врска со американската обработка на резултатите, се случи баш во тој период, каде и впрочем и Советот за

статистика вели дека треба да има организирање и поврзување на овие фази, се случи на Државната пописна комисија во постпописниот период, каде мислам дека беше најважното присуство на работата, на некој начин беше елиминирана, баш во тој период. Од некаде почетокот на февруари, по одлука на Владата, т.е. не со Одлука туку со некои заклучоци луѓето, т.е. Државната пописна комисија во целина беше на некој начин ставена во мирување. Мене не ми е јасно како е возможно еден државен орган, или владин орган, да се стави во мирување, само поради тоа што во тој момент оцениле дека Државната пописна комисија нема работа, иако тука таксативно се заклучува дека тие фази треба меѓусебно да бидат поврзани. Во тој период Државната пописна комисија иако држеше состаноци, немаше никаков увид, апсолутно немаше никаков увид во постпописниот период на работа на Заводот за статистика. Од тука произлегуваат многу дилеми во врска со пописот и многу нејасни информации кои излегуваат во јавноста со пописот, кој е во врска со бројноста, кажувањето дека толку и толку има од одредена популација, пописот е добар, лош, не е лош, или ќе се добијат такви и такви резултати.

Јас ви укажувам дека во тој период релевантен фактор за одлучување, барем во политичка смисла имаше Државната пописна комисија. Јас незнам зошто овде во извештајот не се споменати тие факти дека Државната пописна комисија не учествуваше во постпописниот период во оној дел каде имаше обврска, а и со закон тоа беше регулирано на кој начин ќе учествува во постпописниот период. Затоа, овде како што е кажано дека се очекуваат одредени резултати од секоја фаза поодделно, очигледно дека некој за во некоја фаза прејудицира резултати. Јас сум член на Државната пописна комисија. Неможам да бидам рамнодушен во тој период каде што апсолутно не учествував во фазата на преглед, на дистрибуција и во фазата на внес на податоци кои се однесуваат за пописот. Ниту еден од Државната пописна комисија вклучувајќи го и претседателот не учествуваше во таа фаза. Сега, во почетокот на мај се доби некоја одлука дека пак се активира работата на Државната пописна комисија и јас навистина не можам да бидам свесен и не ми е јасно како е возможно, во период кога најмногу треба да ги координира работите во врска со пописот, Државната пописна комисија да се стави на некој начин во пасива, да биде елиминирана од работата, а веднаш потоа да во мај, со одлука исто така, или заклучок на Владата, едноставно како ништо да не било, да продолжи со работата Државната пописна комисија.

Државната пописна комисија на овој начин сигурно не може да работи. Ние во догледно време ќе излеземе со извештај во врска со овие работи, но се

остава простор за шпекулации, остава простор за маневар, што во тој период е направено, како е направено, дали тие резултати што се очекуваат да бидат реални, како што реално се спрове пописот кога беше под јурисдикција на Државната пописна комисија, дали овој период и резултатите ќе коренспондираат со она што се вели успешно завршен попис. Впрочем, ние за таа работа добивме највисоки оценки од Советот на Европа и посматрачите кои беа од нив испратени. Вниманието во овој извештај, во ниту еден момент не е спомнато дека Државната пописна комисија во тој дел е елиминирана, мислам дека од чисто политички одлуки, мислам дека фрла сенка во наредниот период какви се резултати ќе се добијат. Мислам дека овој извештај барем во овој дел, барем во овој домен не е прифатлив бидејќи ги нема тие кажувања што јас еве ги кажувам денеска и јас овој извештај, барем што се однесува до Државната пописна комисија примам со резерва и би требало во иднина повеќе да се занимаваме, т.е. Владата да се занимава во врска со Државната пописна комисија кои впрочем и сеуште ги има законските ингеренции во врска со пописот 2002 година. Во иднина ќе дојдеме во ситуации да, како што во минатото имаше, разни шпекулации во однос на бројноста на определени заедници. Не би требало, поради овој вакум што се случи, не поради вината на членовите на Државната пописна комисија да се дојде до ситуација да тие бидат криви, а тие воопшто не беа вклучени во постпописниот период, само со одлука, т.е. заклучок на Владата тие на некој начин бидат елиминирани и да се стават во пасива овој период.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави професор Стојановски, претседател на Советот.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани присутни,

Не сакав да дискутирам, како воведно излагање веќе сите имате добиено материјал. Но, пратеникот ме предизвика и сакам да дадам некое појаснување. Овој извештај е извештај за Советот на статистика на Република Македонија. Не е од Државниот завод за статистика, не е од Пописната комисија, така да нема што да има елементи од работењето на тие органи во овој извештај. Државниот завод за статистика поднесува извештај до Владата на Република

Македонија. Бидејќи Советот за статистика на Република Македонија е формиран со закон во 1997 година, конституиран е во 1998 година и тој е советодавно тело за Заводот за државна статистика. Неговите ингеренции се следни: расправа и дава мислење по предлогот за донесување на Програмата за статистички истражувања и на Државниот завод за статистика и други овластени носители и дава мислење за предложени измени и дополнувања од Програмата за работа на Државниот завод за статистика. Дава сугестии и предлози по методолошките основи за статистичките истражувања на Државниот завод за статистика и други овластени носители. Дава мислење за Годишниот извештај од Заводот за статистика пред да го испрати до органите каде што е должен да го испрати, дава мислење и предлози по закони и други прописи кои што се од интерес за Државниот завод за статистика и ги препраќа како до Собранието на Република Македонија, така и тоа мислење и сугестии до Советот за статистика. Така, воопшто во овој извештај немаме ни ингеренции ни право ние како Совет за статистика да поднесеме извештај за работењето на Државниот завод за статистика, поготово за Државната пописна комисија.

Државната пописна комисија ја формира Владата на Република Македонија, сите знаете како се формира, кој учествува, како учествува, ниту еден член од Советот за статистика не беше член во Државната пописна комисија. Но едно да констатирам и да истакнам, дека Советот за статистика на Република Македонија совесно и на експертско ниво си ги извршуваше своите работи, поготово за пописот, бидејќи голем дел во самиот извештај се однесува за пописот. Најбитно, овој Совет е тоа што му препорача и прифати Државниот завод за статистика, методологијата за попис на населението, домаќинствата и становите во 2002 година.

Јасно е дека пописот почна навреме, 1 ноември и пописот е завршен, ми се чини доста успешно, оценките кои што ги даде надворешните, поготово Еуростар со кои што ние имавме контакти како Совет за статистика со господинот Манополос и даде многу позитивно мислење за методологијата. Сите обрасци што беа за пописот ги разгледуваше, донесе предлози и мислења кои ги усвои Државниот завод за статистика и исто така целата оваа процедура до завршувањето на пописот. Не значи кога од 15 јануари е завршен пописот, првите информации беа дадени на 15 јануари, сега по законот кој што е усогласен, оваа методологија со Еуростар со Европската статистика треба до април 2004 година да ги соопшти првичните резултати за вкупниот број на население по националности и т.н. Но, бидејќи некако на сите ни се брза и тие се многу битни показатели, се очекува, сега

се работи убрзано каде што даваше сугестии Советот за статистика на Државниот завод статистика зголемување на тие групи за обработка на податоците. Податоците, верувајте се обработуваат, барем спрема наши сознанија на едно високо квалитетно ниво, затоа што Државниот завод за статистика е опремен технички. Едно да ви кажам, сигурно имате прочитано, знаете, дека е избран за лидер на Западен Балкан и тоа претставува една чест за Република Македонија каде што сите членови од Советот и од Државниот завод за статистика ќе бидат како едукатори за другите државни заводи за статистика од овие простори. Така, како пилот проект е земена Република Македонија за извршување.

Јас се извинувам, уште еднаш да му укажам на господинот дека ова нема никаква врска со Државната пописна комисија овој извештај и не треба да има. Затоа се јавив да дадам едно мало појаснување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Јас кога почнав да дискутирам во врска со извештајот се оградив и реков дека нема да дискутирам за другите делови во врска со извештајот кои се прифатливи и од страна на нашата група, ние овој извештај ќе го прифатиме. Но сакам да укажам на една работа. Јас сакам само да кажам дека Советот за статистика морал да ги има предвид работите дека Државната пописна комисија не работеше во тој период бидејќи во неговиот делокруг од работата, впрочем и таксативно се наброени работите. Треба да се расправа и да дава мислење во врска со тоа. Јас ќе кажам некои работи, дека ставови на Советот во врска со пописот не се за друго нешто во врска. Не ги обвинувам луѓето од Советот ста статистика дека тоа е тоа. Вината можеби лежи во друг дел. Значи Владата реков дека на некој начин одлучила да не елиминира или да не стави во пасива. Тоа сигурно не е во делокруг на работа на Советот за статистика. Но сигурно е во делокругот на Советот за статистика, ако веќе дава мислења и ставови како се одвива пописот, ако тука таксативно често пати се објаснува по кој закон за попиз се работи, кои обрасци треба да се донесат, на две страни се врши анализа во врска со пописот, сигурно Советот за статистика треба да знае дека во тој постпописен период треба да учествува во работата на Државната пописна комисија во која не учествувате. Во тој период и тие велат дека треба сите тие четири периоди да бидат меѓусебно поврзани и да работат. Сакам

да укажам тука дека тука тоа недостасува дека во постпописниот период кога требаше да биде најавено да работи Државната пописна комисија, беше на некој начин елиминирана. Не од Советот за статистика, туку со одлука, со заклучок на Владата. Јас се плашам зошто и како не можел да има на увид или согледување зошто Државната пописна комисија не работи, кога е со закон регулирано да

работи. Инаку, мене ми е извештајот прифатлив во другите делови, а ние ќе гласаме за овој извештај и досега да не навлегувам во тие делати во врска со стручноста, но повторно ќе повторам дека имаше права и обврски Советот тоа да го увиди и да укаже зошто во овој период Државната пописна комисија беше елиминирана од постпописниот период.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Би дал мал коментар во однос на ова што господинот Ќахил што го зборува, веројатно во извештајот очекувал и ние сите очекувавме да стои колку биле примањата на членовите на Државната изборна комисија, па веројатно оваа пауза ќе и нашкоди налку на финансиската состојба и дали согласно Законот за избор на пратеници и Законот за спречување на корупција, можат да бидат пратениците членови на Државната пописна комисија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Направивте лапсус рековте изборна, а мислевте на Државна пописна комисија.

Благодарам.

Господинот Ќахил реплика.

АДНАН ЌАХИЛ:

Мислам дека има извештај, веројатно ќе дојде, заборавив да кажам дека имаше ревизија за работата на Државната пописна комисија, можеби и недостаток на Советот што требаше тој извештај од ревизијата да го има предвид и да покаже дека нема никакви финансиски малверзации во тој де. Ако има некакви финансиски малверзации треба да се каже, а какви се примањата, тоа се јавни примања, зе знае кои се примањата. А кога господинот Јани Макрадули ќе каже какви се примањата на Државната изборна комисија а ние сме пописна, можеби он направи лапсус, колку се примањата па да се споредат примањата, па ќе се види какви се примањата. За негова информација. Ние во последно време не примаме никакви додатоци него се

ставаат со заклучок на Владата и ние испаѓаме дека сме волонтери во работава. Таков е заклуокот. Ако не верува,  нека види каков е  заклучокот на Владата. А во однос на Законот за антикорупција е во некоја колизија што јас сум пратеник и член на Државна пописна комисија, само да напоменам, јас станав член на Државна пописна комисија, не бев пратеник, а јас сум еден од претставниците на заедниците, претседател на партија, впроем мене ме назначи Владата и ако Владата ме разреши, јас тоа ќе го прифатам. Ама до ден денеска Владата не донесе таква одлука да ме разреши. Вие оцените дали кривицата е кај мене или кај друг.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ајде да завршиме. Ваљда не гледате кривица ако не ве разрешила.

Никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучоците содржани во Извештајот на Комисијата за економски прашања, тој ви е доставен, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 71 за и по еден против и воздржан.

Констарирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

36 точка - Извештај за работа на јавното претпријатие Македонска радио телевизија за периодот март 2002 март 2003.

Извештајот на МРТ со придружните материјали и извештаите на Комисијата за транспорт, врски и екологија и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓа Стошиќ, директор на МРТ.

Повелете.

ГОРДАНА СТОШИЌ:

Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Извештајот што денеска се наоѓа пред вас, не е само извештај за работата на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија во периодот март 2002 - март 2003, туку уште повеќе овој збир на бројки и информации ја одразува состојбата во која што, како последица на долготрајна, финансиска, технолошка  а од таму програмска и кадровска криза, се наоѓа долг период ова јавно претпријатие. Јас тука би додала, не само како последица на финансиската криза, туку сите тие кризи се

веројатно узрочени од недокрај дефинираниот статус на ова јавно претпријатие, како и од непреземањето мерки адекватни на проблемите со кои што јавниот радиодифузен сервис се среќавал цел овој период. Недостигот на средства констатиран со завршната сметка, а кој во себе ги инкорпорира не само бројките од таа година на која што се однесува извештајот, туку и ненаплатените побарувања за кои што се смета дека никогаш нема да може ни да бидат наплатени, исто така долгот кон рекламните агенции на име на однапред продаден рекламен простор, значи однапред пресметан загубен можен финансиски ефект, но исто така и загубата која што е резултат на незавршениот делбен биланс со второто јавно претпријатие, тоа е претпријатието Македонска радиот дифузија. фактички е главно резултат на неадекватниот модел за собирање на радиодифузната такса и неприлагодувањето на нејзината висина согласно со зголемувањето на обврските на Јавното претпријатие МРТ, кои во текот на изминатите години постојано се зголемувани. Само како доказ за ова теза да кажам. Тогаш кога е донесуван Законот за радиодифузија и кога е одредена висината за радиодифузната такса како основен извор за финансирање на МРТ, таа е димензионирана и процентот за МРТ одвоен врз основа на проекција дека во 2000 година македонското радио и македонската телевизија ќе зрачат на два канала. Како што знаете истата таа година доделена е по уште една мрежа на радиото и на телевизијата, а исто така почнато е да зрачи македонската телевизија на сателитски канал и превземена обврска за емитување исто така на сателитски канал на македонското радио. Значи таквите нови обврски апсолутно диктирале зголемување и на трошоците на работењето на куќата и евидентен е резултатот од нив. Сакам само да кажам дека вавиот недостиг на средства резултира и со погрешно насочување на маркетиншките активности во еден дел, па така најглемиот дел од заработката на оваа куќа, фактички не може да биде никако претставен со финансиски средства, бидејќи главното маркетиншко работење се одвивало врз основа на чисти компензациски договри по принци што нашиот макретинг се вика трампа, замена на рекламно време за програма.

Се разбира, не би сакала да ја пропуштам оваа прилика да нагласам дека од почетокот на воведувањето на радиодифузната така моделот се покажал да кажам ако не грешен, тогаш како фаличен, бидејќи уште во 1997 година, кога веднаш на почетокот на донесувањето на законот процентот на собирање на радиодифузна такса бил некаде околу 75% во 1999 тој паднал на 68,1%, 2000 66,4%, 2001 56,6% во 2002 50,8% а за првите пет месеци од оваа година процентот е едвај 52%.

Според податоци што во март месец ги добивме од Електростопанство на Македонија  на овој начин, значи со ваквото нефункционирање на моделот од проектираната вкупна сума што требала да се собере од 1997 до денеска недостигаат некаде околу 1 милијарда и 500 милиони денари. Со ова сакам да кажам дека може до некаде да се воочи и да се анализира од каде ваквиот недостиг на средства во МРТ што е регистриран како загуба.

Должна сум да кажам дека по три месеца од изготвувањето на Извештајот податоците се делумно сменети. Значи на некои позиции обврските на МРТ се намалени, а на други се зголемени. Меѓутоа, да не навлегуваме во детали ќе имаме претпоставувам и други прилики да разговараме при усвојувањето на извештајот од оваа година. Основна бројка што сакам да ја кажам и основен податок е дека со последната организациона програмска и кадровска димензионираност МРТ денес чини месечно 91 милион 922 илјади и 580 денари, а просекот на собраната радиодифузна такса како што реков е 52%, а во пари е околу 45 милиони денари. Мислам дека соодносот на овие две бројки покажува дека доколку не се превземат итни мерки за санирање на состојите МРТ на долг период ќе продолжи да работи со негативни финансиски ефекти и мислам дека проблемите само ќе се продлабочуваат.

Би сакала во оваа прилика да изнесам некои од нештата што се успеани да се направат како дополнение на овој извештај. Значи превземени се некои  итни мерки за штедење и рационализација, мерки што по својата природа воопшто не беа ниту едноставни да се превземат, ниту пак лесни за било кого во куќата и последиците од нив најдиректно ги почувствуваа вработените  во МРТ. Веќе е на пример откажана соработката на околу 200 хонорарно ангажирани лица, па така споредено со бројката од 611 во јануари о.г., сега таа бројка е 401, значи во овој месец. На принуден одмор веќе во мај месец се упатени 40 лица од Одделението за водење на регистер на претплатниците, А овој месец таква мерка ќе биде превземена за уште дополнителни околу 100 лица од сите делови на куќата. Финансиските ефекти од ваквата итна мерка се три милиони денари месечно, но кажувам дека и не треба да криеме дека социјалните ефекти од оваа мерка се исклучително негативни на вкупната атмосфера во МРТ. Паралелно со овие мерки можам да кажам уште неколку на пример на рационализирање на работниот простор, со напуштање на канцелариските

простории што се наоѓаат во високата зграда на МРТ, финансиските дфекти од тоа се очекуваат дека се почувствуваат наредните месеци, исто како што се очекува да има некаков финансиски ефект од мерката што вработените ја прифатија за намалување на бројот на патувањата во странство, или пак неисплаќање на дневници за еднодневни патувања во земјата. Но да бидеме свесни дека од таквите мерки ако има финансиски ефекти по програмата, тие се исклучително лоши.

Паралелно со ваквите краткорочни мерки се работи и на долгорочни. При крај се договорите со Синдикатот на МРТ околу потпишување на нов колективен договор, како и на изготвување на нова систематизација на работните места. Целта на новата систематизација е да се овозможи подобра искористеност на фкултуација на кадарот, а целта на потпишувањето на новиот колективен договор е да се воспостават нови норми, пред се на работењето, но и нови правила за стекнување на плата во куќата, да се постигне креативност, врабтените да бидат мотивирани на поквалитетно работење, но да бидем отворени и да се елиминираат последиците од непотизмот и конфликтот на интереси кои со долги години обременуваат работата внатре во МРТ. Овие мерки се делумно реализација на некои нешта од првата верзија на програмата за трансформација, која што на 24 март ја усвои Управниот одбор на куќата и која што ја помина ревизијата на две меѓународни организации, а тоа се британската фондација ТОМСОН и на холандската невладина организација специјализирана за дејност во медиумите ПРЕСНАЛ. Врз основа на нивната првична ревизија е и дадена согласност, односно позитивни оценки за првата верзија на Програмата за трансформација, локалната канцеларија на ОБСЕ ја превзеде координацијата на меѓународната помош за поддршка на трансформацијата на МРТ и веќе имаме некои ефекти од тоа, стигната е со донации од ОБСЕ, компјутеризирана е втората програма на македонското радио, деновиве треба да пристигне и компјутерска опрема за македонската телевизија. Првата цел што е поставена е тренинг, обука на новинарите од дневноинформативните редакции на радиото од телевизијата на сите јазици и фактички прв чекор од таа нова поставеност е организација на МРТ треба да биде централизацијата, поточно обединувањето на создавањето на процесот на вести, по примерот на европските јавни радиодифузни организации, без оглед на тоа дали програмата се создава за радио или за телевизија и без оглед на кој јазик веста ќе се создава во својата оригинална верзија.

Донесени се и саморегуларни акти, меѓу кои ја истакнувам декларацијата за професионални и етички стандарди, што ги обврзува сите вработени кои

учествуваат во создавањето на програмите на МРТВ, на почитување на стандардите реков веќе на Европската радио дифузија. Се работи на елиминирање на проблемите кои се главно финансиски и правни, а кои не оневозможуваат да ја користиме опремата на т.н. ТМЕ - студио, која е наменета за емитување на програмата на јазизиците на етничките заедници.

Со задоволство сакам да информирам дека се служи уште нешто, а тоа е во петокот е потпишан ревидиран договор за емитување на сателитската програма на Македонската телевизија, со што македонската телевизија се стекнува со право на маркетингштво работење, што досега не беше можност. Исто така, се стекнува со право на емитување на програма на англиски јазик на сателитскиот канал, со емитување и на втор сателитски канал, по добри цени, исто како што се стекнува и со право на сателитскиот канал да емитува не само емисии кои се производство на МТВ туку и на приватните ТВ станици од РМ, како и независни продуцентски куќи.

Сметаме дека со оваа ревизија МРТВ ќе биде поблиску до остварувањето на улогата на јавен сервис и во оваа област.

На крајот сакам да кажам дека внатре во МРТВ постојат многу верзии за тоа како куќата дошла до тука каде што е. Почнува од тоа дека не се обезбедени соодветни средства за финансирање на новите обврски што пред МРТВ се поставиле по распоред на некогашната ЈРТВ и од кога Македонската телевизија 100% треба да ги плаќа трошоците на Евровизиската размена, на Агенциските вести, набавката на филмска, спортска и друга програма. Значи оттаму па се до тоа дали политиката во сите овие години била подготвена да дозволи трансформација, рационализација и реорганизација на куќата односно до тоа дали на политиката некогаш во овој период и одговарало да остане таква состојбата, за да може јавниот радиодифузен сервис да не биде тоа и да не биде користен во политички цели. Јас на тоа имам уште еден коментар, а тоа е дека во овие години, веројатно отсуствувала и критична маса внатре во куќата, подготвена да се откаже од позицијата што ја дава фактот да се биде вработен во јавно претпријатие финансирано од пари на граѓаните, како и отсуството на таа критична маса која можела да поведе да се спроведе трансформација и организација, согласно новата реалност, во вид на плурализација на медиумскиот простор и на пазарната конкуренција што пред МРТВ поставувало обврска, не само да се биде квалитетен туку да се биде и поефикасен, попродуктивен и со ситем на плаќања на вложениот труд, што би овозможил, најкреативниот кадар, најпривлечното место за работа да го гледа токму внатре во МРТВ. Сметам сега дека таква атмосфера постои, затоа и

беа можни мерките кои со сета своја непопуларност, сепак успеавме да ги спроведеме, во согласност со вработените и со целосна поддршка на синдиактот. Оттамју, во целост ги прифативме на седницата на метичната собраниска комисија, за транспорт и врски, заклучоците кои преставуваат трансформаицја односно кои на извесен начин се трансформирани заклучоци што во својот материјал ги понуди и МРТВ, но кои што се уште подецидни и што е најбитно засилени со рокови. Од тие причини јас би сакала да ги заблагодарам за овие 15-тина минути, ова време што го одделивте да ги слушнете овие дополнувања на извештајот и да ве повикам да ни ја дадете поддршката да ги направиме нештата што дефинитивно во наредниот период ќе мораме да ги преземеме.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Ејуп Рустеми.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Почитувана потпретседателке, почитувана директорке на МРТВ, почитувани пратеници

Информацијата што денес ја имаме пред нас мислам дека има посебно значење затоа што претставува актуелна состојба на јавното претпријатие на МРТВ, каде според податоците што ги имаме, претставува и потреба во еден краток рок да имаме и трансформирање на ова јавно претпријатие.

Од податоците што се претставени во воаа информација може многу лесно да се дојде до заклучок дека ова ЈП се наоѓа во тешка состојба, како од финансиски така и од аспект на техничка опрема кои не се согласни со времето, затоа што, во врска со информациите што ги имаме сега треба да се заменат со нова техничка опрема, дигитална техничка опрема која ќе биде како што треба.

Јас имам неколку забелешки на оваа информација која ни е понудена. Имено, тука многу малку е нгласен третиот канал. Значи состојбата е многу потешка кај албанската програма.

Иако во Информацијата се нагласува дека третиот канал е експериментален, меѓутоа, тоа не може да биде причина и оправдување на овој канал да се гледа како од втора рака, односно со помало значење.

Во информацијата се кажува дека од месец февруари е почнато со нова програмска шема. Меѓутоа, не се кажува дека со новата програмска шема не е започнната и програмата на албански јазик и не се кажуваат причините зошто не е почнато со втора програма.

Од информациите што ги имаме и во програмата на албански јазик е подготвена шема, меѓутоа не е започнато со таа шема. Вие не негласувате ваков акт, иако јас сум свесен, затоа што сум сведок, бидејќи ја имам видено и реалната состојба дека во програмата на македонски јазик имаме потребен број на вработени, или можам да речам и повеќе од потребно, но, додека, што се однесува до програмата на албански јазик, има недостаток од професионален кадар. Затоа, ќе биде оправдана блокадата во МРТВ да се прекине за оваа јавно претпријатие.

Од информацијата гледаме дека ги имаме пеет нови вработувања. И во овие пет нови вработувања немаме ни еден албанец. Во овие вработувања не можеле да најдат место и двајца уредници албанци на радио и на телевизија, кои и ден денес работат хонорарно. Вакво нешто во информацијата не се нагласува.

Што се однесува до техничката опрема и просторот во кој работи и програмата на албански јазик, колку за дообјаснување можам да кажам дека целиот програм функционира со еден компјутер, еден монтажер и едно студио кое се користи од страна на сите заедници.

Зачудува информацијата, односно не се елаборира проблемот на ТМЕ-студиото кое се наоѓа на 7-кат и кое студио е опремено со дигитална опрема, кое е единствено студио со таква опрема во МРТВ и кое студио е финансирано од средствата кои се одвоени од Телекомот и се наменети за третиот канал. Меѓутоа, за жал, после шест месечна работа ова студио сеуште е затворено и не се употребува од програмата на албански јазик, иако е од големо значење за истата.

Господа пратеници,

Забелешките што погоре ги спомнав се само неколку од проблемите со кои се соочуваат вработените во програмата на албански јазик. Затоа овие забелешки треба да се земат предвид и при трансформирање на ова јавно претпријатие кое, се надевам ќе се случи во брз временски период. Исто така, треба да се земе предвид и уставниот амандман број 6 кој кажува за пропорционалното учество на вработените како и точката 6 -1, од Охридскиот договор каде се нагласува зголемување на помошта за проектот, со намера за подобрување на квалитетот на медиумите на албански јазик, како и на мултиетничките медиуми.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Ќенан Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Почитувана потпретседателке, почитувана г-ѓа директор на МРТВ дами и господа пратеници,

Би сакал и јас во еден респективиран временски период да го искажам моето мислење во врска со извештајот на Јавното претпријатие на МРТВ. Имено, Собранието на РМ, како основач на ЈП МРТВ, е должно не само да расправа по извештајот за работата на ова ЈП туку и активно да партиципира во изнаоѓање на најефикасните решенија во трансформацијата на оваа куќа согласно програмата за трансформација подржана и Управниот одбор на МРТВ од 24 март 2003 година.

Информацијата ги опфаќа состојбите во МРТВ од 1999 - 2002 година од едноставна причина што овој документ досега не е разгледан што укажува на несериозниот однос на тогашниот собраниски состав кон ова ЈП.

На самиот почеток да напоменам дека извештајот е опширен, сеопфатен и содржи извештај за финансиското работење на МРТВ во изминатите години, проекти за техничко-технолошки развој и декларација за етнички и професионални стандарди на програмата на МРТВ.

МРТВ како јавен радиодифузен сервис на граѓаните мора не само да го препознава социјалниот идентитет на истите и да биде достапен до сите популациски сегменти, туку и програмски да го изразува миултиетничкиот и мултикултурниот карактер на македонското општество. Тоа подразбира програмско редизајнирање кое ќе ги респектира културните, јазичните, образовните па ако сакате етничките карактеристики на заедниците на РМ.

Тоа значи дека е потребно професионално, веродостојно и непристрасно информирање, согласно современите новинарски стандарди. Во тој правец ова јавно претпријатие према извештајот во февруари почна со нова програмска шема, која поради краткиот период не можам посериозно да го вреднувам, иако првите реакции согласно центарот за истражување на МРТВ и Агенцијата “стратеџик маркетинг” се позитивни.

Сакам посебно да нагласам дека сеуште доминира еднонасочното информирање од Скопје према другите центри и мислам дека тој проблем не ќе може да се реши во догледно време со оглед на лошата финансиска состојба на куќата и дотраената техничка и ниската технолошка опременост. Иако е за поздравување емитувањето на специјален журнал на македонски јазик на сателитска програма, какко и подготовките за интернет и телексес сервисите, тоа ни од далеку не е во рамките на потребите на РМ.

Сакам во оваа прилика да напоменам дека формирањето на мултиетничката редакција во рамките на новата шема на МРТВ иако поради скориот почеток не може реално да се вреднвуа сепак остава низа недоумици во врска со тоа каков ќе биде неговиот состав, по бројност националната структура програмската содржина и слично.

На 20 август 2002 година  започна емитувањето на програмата на етничките заедници на третиот канал како експериментална и спрема извештајот сеуште е таква, и оваа временска дистанца ни дава за право дека оваа програма не ги исполни очекувањата, не само поради немањето можност, оваа програма да се следи низ целата територија на РМ, туку и поради нерешениот статус преку законско дефинирање како и преку издвојување на посебни средства од Буџетот на РМ, за таа намена се разбира.

Освен тоа во постојната финансиска дубиоза не гледам перспектива за скора реализација на дефинираните цели на овој канал.

Паѓа во очи што во Извештајот се анализира и кадровскиот потенцијал на ова Јавно препријатие при што можам слободно да речам дека има висок број на вработени, вкупно 1570 и околу над 400 хонорарци, што налага потреба преку посебни методи пензионирање, докуп на стаж, преквалификации и слично тој број да се сведе на реален и од финансиска гледна точка исплатлив.Меѓутоа, морам да напоменам дека тој вишок на вработени не се однесува на помалите етнички заедници каде дури има и недостиг на вработени и кои работат во исклучително тешки услови без минимум техничко-технолошки услови за работа.

Само за илустрација во Редакцијата на турски јазик на МРТВ има 17 вработени и неколку хонорарци, а во Редакцијата на турски јазик на македонското радио само 24 вработени. Да напоменам дека последните неколку години поради напуштање на работата, пензионирање иселување и слично, тој број е значително намален иако не се лажам, последното вработување во турската редакција на Македонското радио е во 1996 година, а во турската редакција на Македонската телевизија 1998 година. Освен тоа, старосната структура укажува на просечна старост што е над 50 години, што е повисока од просечната старост на вработените на МРТВ. Тоа укажува на неминовната потреба од помладување на кадарот и нови вработувања на млад и соодветно профилиран кадар.

Високиот степен на амортизираност на техничката опрема која, може слободно да се рече, е на со музејска вредност тешката финансиска состојба, заостанување зад водените технологии, бројните краткорочни и долгорочни обврски

кон стсранските кредитори, наметнува потреба од итна санациона програма која, по мене, е многу добро што во извештајот предвиделе да се одвива во две фази. Прво, комплетна санација на постојната техника, а дури подоцна реорганизација и трансформација на техничката поставеност на МТВ преку уситнување на технолошкиот систем на помали целини, за да се обезбеди мобилност, флексибилност и ефикасност.

Што се однесува до програмата на етничките заедници за жал таа се одвива во капацитетите на прва, втора и сателитска програма со кратко времетраење од се на се 12, до 12 ипол часа со несоодветна дистрибуција на програмите на заедниците во тешки техничко-технолошки услови и како што реков без законски решенија и посебни буџетски средства. Значи, проблемите се од два типа. Потребни се дополнителни капацитети и средства. И второ, потребно е договарање на политичките претставници на етничките заедници во однос на програмската шема и изнаоѓање на решенија кои нема да одат на штета на било која етничка заедница, а посебно на помалите етникуми кои и онака имаат редуциран простор на МРТВ и недостиг од алтернативни приватни медиуми. Затоа било каков прекин на програмата на малите етнички заедници ќе го сватиме како узурпација на информативниот простор од помоќните и ќе ги употребиме сите легитимни средства во заштита на ова наше елементарно право. Затоа господа од политичките елити имајте во предвид дека нашите реакции се оправдани и без алтернатива.

Последните информации за среќа одат во правец на изнаоѓање на оптимални решенија кои ќе ги задоволат сите страни.

Што се однесува до финансиската состојба , таа е алармантна. Огромни се финансиските дупки. Јас не сакам да ве замарам со цифри, но евидентно е дека во ваква ситуација просто е невозможно ова јавно претпријатие да го задоволи минимумот од она што е во домен на работата на ова Јавно претпријатие и дека Собранието како основач на овој јавен радиодифузен сервис мора да се вклучи активно во изнаоѓање на излезни решенија. Во Извештајот посебно се образложува ниската наплата на таканаречената радиодифузна такса која во овој момент е некаде околу 50% што ниту од далеку не ги задоволува потребите на оваа куќа. Во тој контекст Владата на Република Македонија нуди одредено решение. Претпоставувам дека ова решение можеби во одредени кругови ќе предизвика негативни реакции, меѓутоа состојбата е алармантна и мора да се изнајде соодветно решение.

На Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците во врска со овој Извештај на Јавното претпријатие МРТВ се отвори широка расправа и меѓу другото се подржуваат предлог заклучоците на матичната Комисија за сообраќај и врски на кој Извештај на мој предлог се додаде уште еден предлог заклучок кој беше прифатен од страна на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и во тој контекс барам подршка од пратениците при изјаснувањето за Предлог заклучоците во врска со овој Извештај.

Почитувани пратеници, да резимирам, Извештајот е опширен, сеопфатен, ги анализира сите аспекти од функционирањето на МРТВ како јавен радиодифузен сервис и би требало да се прифати со сите оние забелешки , констатации ,предлози и сугестии кои произлегоа од комисиските расправи и расправата на оваа пленарна седница на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Неждет Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Почитуван потпретседател, почитуван генерален директор на МРТВ, навистина сакам да ја искористам оваа можност кога навистина се тешки условите да се слушне гласот на тие ромски редакции при МРТВ. Ја користам оваа можност да се произнесам и за нивните проблеми во врска со Извештајот на МРТВ. Најнапред би сакал навистина да го дадам моето позитивно мислење за сериозниот стручен труд во врска со Извештајот на МРТВ во врска со нивната програмска содржина, проблемите на кои наидува МРТВ затоа што тоа претставува една сериозна грижа на нас пратениците кои што би требале да се ангажираме да се подобри она што е болно за националната телевизија за нејзиното квалитетно емитување на нејзините содржини. Токму во тој Извештај сакав да го најдам местото на ромските радио и телевизиски редакции кои што за жал постојат во една од најнезавидните положби, се наоѓаат во положба кога навистина и со тој сосема мал кадар веќе петнаесетина години тешко, макотрпно се обидуваат да ги оправдаат своите програмски содржини. Почесто се среќаваат со проблеми теренски на кои што неможат да го оправдаат своето работење во врска со проблемите на ромската заедница во Република Македонија на која што и те како е потребно да се гледа за потребите и проблемите на тој ромски народ во Република Македонија да се произнесе во националната телевизија. И токму од тие причини сметам дека во

иднина јас длабоко верувам во трудот и во позитивниот ангажман на госпоѓа Стошиќ дека ќе се ангажира во иднина во програмските, а особено политичките содржини да имаат место и другите заедници во произнесување на потребите и проблемите од нивните заедници. Инаку добивам впечаток дека навистина е димензионирана содржината на МРТВ по основ на тоа што досега многу политички содржини кои поминаа низ времето не наидовме на некоја содржина на која што  би можело да се произнесат и другите заедници.

Во врска со кадровското поставување на двете ромски редакции за жал, тоа е повеќе од срамно во ромската радио-редакција повеЌе од 15 години да немаме ниту еден вработен , сеуште тој декор редактор работи по договор и само двајца или тројца ја одржуваат ромската редакција, дури не е редакција . Додека во ромската редакција на МРТВ има само двајца вработени и тројца хонорарни работници. Сметам дека тоа не е доволен простор на кој што може да се произнесе еден сериозен новинарски труд, особено на една заедница која е окупирана со социјални, економски, образовни, здравствени проблеми. Во тој поглед се надевам и длабоко верувам дека во скора иднина директорот на МРТВ ќе се ангажира да го обнови кадарот на двете ромски редакции и дека ќе се создаде една атмосфера на работен дух на кој што ќе можат професионално да создаваат квалитетни содржини тоа ќе биде и резултат на сите нас.

На крај, навистина би сакал да дадам уште една забелешка дека двапати неделно се емитуваат ромските содржини и тоа во најнепогодно време кога навистина сите се наоѓаат на работни обврски, дури ниту децата немаат време да ја следат таа ромска информативна програма. Молам, колегиумот на МРТВ да најде адекватно време за емитување на таа ромска информативна програма за да можат да се следат содржините на овие  две редакции . Уште еднаш со почит кон сериозниот труд на Извештајот од МРТВ, на стручниот квалитетен труд . Сакам јавно да го кажам мојот став дека ќе гласам за овој Извештај со тоа што во иднина верувам дека ќе се надополнат овие празнини.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА :

Има збор господинот Рафет Муминовиќ.

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Почитувани, би бил многу краток затоа што навистина претходните дискутанти, моите колеги, претставници на своите етнички заедници опширно, јасно и гласно кажаа. Тоа се проблеми и на нашата етничка популација.

Многу битно е граѓаните , добар делне можат да сватат дека на МРТВ е орган и тело на Собранието и без причина гневот е насочен кон МРТВ. Ако веќе постои гнев, постои гнев од овој дом и од оваа куќа, а граѓаните со право треба да се револтирани на Собранието на Република Макеоднија.

Би сакал да замолам за слух, за разбирање, за една толерантност за нашите етнички заедници и едноставно да се дозбволи на директорката на МРТВ коај сигурно во многу контакти со нас покажала големо разбирање. Немам намера да ја преаудицирам работата, но лично сум презадоволен од директорката на МРТВ и од нејзиното разбирање, но гледам дека проблемот не е во нејзе. Проблемто е тука, меѓу нас, меѓу колеги, луѓе кои едноставно треба да го дадат својот придонес и да помогнат овие етнички заедници да имаат адекватна застапеност онака како им личи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван потпретседателе, почитувнаи колеги пратеници, почитувана госпоѓо дирекот на МРТВ.

Јас најпрво сакам да кажам дека е добро што Собранието на Република Македонија како основач на МРТВ ја напушта праксата од изминатите години односно на пленарна седница да не се разгледува извештајот на МРТВ. Мислам дека е добро што расправаме и што покажуваме интерес како основач да расправаме не само по извештајот, за што сме должни согласно Законот, туку и за состојбите во МРТВ.

Јас лично, а верувам и сите колеги сме свесни дека и од овој Извештај и од порано состојбата во МРТВ подолго време е навистина алармантна, дека се нужни трансформациите што се предлагаат и во заклучоцит еод комисиите, и во самиот Извештај, дека е нужна модернизација на МРТВ бидејки навистина работи со една застарена технологија и застарена методологија на работа. Ако се споредиме со другите транзициони земји ние заостануваме.

Според моите сознанија речиси сите земји во транзиција го завршија овој процес на трансформација на националните телевизии. Ние сме еден редок пример бидејки 13 години се зборува не само во Собранието, туку и воопшто во пошироката јавност дека се неопходни трансформации, неопходна е реорганизација, неопходна

модернизација, но во секој случај го одлагаме овој процес и колку подолго го одлагаме тоа ќе биде уште поболно и за самата МРТВ како јавен сервис на грааните, но имајки ја предвид функцијата која што ја обавува и воопшто пошироко за државата.

Затоа јас лично, но и пратеничката група на ЛДП ги подржуваме заклучоците од комисиите, го подржуваме овој Извештај и ќе гласаме за неговото усвојување и очекуваме во иднина Парламентот навистина почесто да е занимава со оваа проблематика.

Но, во оваа прилика јас би сакал да укажам дека Извештајот и расправата укажуваат на потребата од нво азаконска регулатива. Нов закон за МРТВ, нови други закони, пред се Закон за Радиодифузија кој што ќе го дефинира јавниот интерес и јавнит еобврски за електронските медиуми наспроти граѓаните и наспроти државата. Нас ни е познато дека меѓу тие обврски се и обврските за емитување на одредени едукативни програми, одредени програми за информирање, одредени емисии односно информирање на јавноста за работата на државните органи. Помеѓу друготи и за информирање за работата на овој Парламент и дека и МРТВ, на кој паѓа најголем дел од товарот врШејки ги пред се дирекните преноси од седници на поленарните седници на македонскито Парламент, но исто така тука е обврската за емитување на програмата на другите јазици освен макеоднскито јазик. Затоа е потребно во тие закони да се дефинира јавнито интерес, да се дефинираат тие обврски, бидејки најголемиот дел од тие обврски ги извршува МРТВ.  Дел од тие обврски кои не се можеби нормирани ги извршуваат и другите медиуми, а за информирање на јавноста за работата на државните органи, Парламентот, Владата и другите органи го вршат и другите ТВ, иако најголемито дел е на МРТВ. Тука спаѓаат и другите телевизии кои што треба да имаат дефиниран статус и дефинирани обврски, бидејки тие делумно информираат, меѓутоа пред се условно кажано доброволна база, бидејки и  А1 и Канал-5 и Сител и сите други телевизии, се извинувам ако некоја пропуштив, информираат и за работата на овој Парламент и за работата на државните органи. Значи, поентата ми е дека мора да се донесе еден закон каде што ќе ги прецизираме тие обврски и врз база на тие обврски, врз база на исполнување на тие обврски да бидат услов и за добивање на концесија како за локална, так аи за национална, но и за распределба на средствата бидејки правата мора да бидат адекватни со обврските. Нас навистина ние нужно донесување на сосема нови закони. На една од наредните седници ќе иамме одредени измени во Законто за радиодифузна дејност, меѓутоа тоа се можеби само моментни решенија,

а нас ни требаат многу пошироки, многу покомплексни решенија и крајно време е да се позанимаваме и да почнуваме да ги решаваме тие проблеми, бидејки илузија би било ако мислиме дека веднаш можеме да ги решиме тие проблеми. Овде се работи за една специфика. Во заклучоците се предложени обврски за Владата, со кои што ќе се задолжи да преземе одредени конкретни мерки , меѓутоа не смееме да заборавиме дека Собранието е основач и дека сепак крајната обврска и одговорност лежи на ова Собрание.

На крајот сакам да кажам дек ание као пратеничка група на ЛДП ќе се занимаваме и ќе се залагаме за оваа трансформација што побрзо да биде, но и за донесување на што побрзо нова регулатива, покомплексна која што ќе го реши комплетно статусот, не само статусот на МРТВ, туку и статусот на сите други електронски медиуми кои се занимаваат со оваа дејност.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван потпретседателке, почитувани колеги,

Не сакам да бидам погрешно разбран доколку ги дадеме нашите размислувања и нашите предлози како понатаму дека правиме некој а лоша работа, некој атак врз ова Јавно претпријатие, туку сакам да кажам дека се наоѓаме во една ситуација ког атреба д аконстатираме она што го констатираше самата директорка, за која лично секогаш сум имал убедување дека во оваа куќа ќе има проблеми со своите амбиции и со материјалната состојба на која ќе наиде таму. Како позната професионалка во една куќа каде што оди , која што има загуби, или кога ќе замине таму и ќе ја најде таа куќа со закуби ќе констатира дека тие се околу 400 и нешто милиони денари, тогаш и во амбицијата за уредувачката политика на куќата за да ја извлече од анемија ќе наидува на проблеми и има сигурно проблеми. Мене ми е жал што на неколку неформални средби кога генералната директорка на ова аинформативна куќа повеќе зборува за материјалната состојба во оваа куќа отколку за уредувачката политика, за систематизацијата на куќата, за разните систематизации и иднината на оваа информативна куЌа. Но ме радува фактот дека во Извештајот и во анексите што се составен дле на овој Извештај се детектирани добро состојбите во оваа информативна куќа. Дадени се констатации и реални оценки и од изјавата , експозето на директорката и нејзините амбиции ги стави како

составен дел на она што ние го ставаме и очекуваме како пратеици. Што сакам да кажам со ова?

Доколку ние како Собрание основачи на ова Јавно претпријатие дозволиме ова Јавно претпријатие да биде анемично во однос на другите информативни куќи со концесии, што ги имаат неколку телевизии и се гледаат на целата територија на Република Македонија...

...тогаш, таа анемија, таа анемичност ни припаѓа и нам како Собрание, но и на Владата, бидејќи сепак, оваа информативна куќа, ова јавно претпријатие освен друго, има и задача да го афирмира тоа што ние како креатори на политиката овде во Парламентот и во Владата и затоа нашата поддршка треба да биде голема но и критичките тонови кои се однесуваат на сугестиите што ние ги даваме како пратеници, исто така, треба да бидат почитувани од уредувачката политика, или пак тимот кој што е на чело на куќата, на чело со директорката. И ако тука има податоци дека претплатата се движи некаде околу 75%, јас имам неколку познавања од некои јавни претпријатија кои што велат дека може да опстане едно претпријатие доколку едно претпријатие ќе ги собере давачките од над 60%, тука е проблемот кој што се наоѓа и јавната куќа која што има големи загуби и санацијата на овие загуби мислам го попречува, или го демантира она што го имам како познавање, како може да опстане едно јавно пртпријатие со ваков процент на собирање на давачките.

Самиот факт дека ние како претставници на националните заедницид на некој начин се подредивме и рековме нешто повеќе во однос на Извештајот и во однос на ситуацијата, состојбата која што постои во оваа информативна куќа, говори дека истовремено се сигнализира дека таму нешто да се направи поинаку, да се промени, што се однесува до разните систематизации и она што значи учество на националните заедници на програмите на МРТ.

Мислам дека треба да се искористат сите можности со самиот факт дека Радиотелевизијата како јавно претпријатие има за задача, има обврска да афирмира голем број прашања, што се однесуваат до Охридскиот рамковен договор, што се однесува за афирмацијата на нашите определби и евроатлански интеграции. Тогаш, доколку оваа работа направи добро и со голема волја ќе биде добро да биде и консуматор на материалните добра кои што можат да дојдат од меѓународната заедници како медиум на еден начин да го помогне она што е наша политика и наша определба кон евроатлански интеграции, бидејќи не може да се разбере никогаш од моја страна како е можно за цело време да разговараме евроатлански определби, или пак европска интеграција, а радиотелевизијата што е основана од ова Собрание

нема свој редовен известувач од Брисел за она што се случува, да информира што значи европска интеграција и каде е позицијата на Македонија. Би било добро во афирмирањето на она што значи плурализам да продолжи вака со дебатни емисии кои што некогаш беа заборавени во претходното владеење, или управување со оваа куќа, а дури мислам дека треба и да се интензивира, да имаме многу покреативни емисии во оваа насока и исто така она што го кажаа и моите колеги би било добро дефинитивно, конечно третиот канал да ја добие својата физиономија, својата форма, својата основа, како од аспект на техниката, кадарот, значи квалитетен, конечно да кажеме дека овој канал го афирмира она што значи соживот, го афирмира она на квалитетен начин, на еден организационен начин, како од технички материјален аспект, значи треба тимот кој што е на чело на оваа куќа и директорката и една порака на сателитскито канал конечно и што побрзо, што поитно емитувањето на програмите на јазиците на албанскиот и на другите јазици на заедниците да биде работа која што побрзо да биде направена и на квантитативен и на квалитативен начин. Така, ние во однос на овој извештај и експозето на директорката, ќе им дадеме поддршка со надеж и со убедување дека конечно во оваа куќа ќе се случат промени кои што ќе бидат во корелација со времето, со нашите определби, дали тоа значи афирмација на меѓуетничките односи во земјата и она што значи определби и она што значи европска интеграција и се надевам дека во иднина секогаш повеќе и подобро ќе се менаџира со ова јавно претпријатие и секогаш и се повеќе ќе биде поддржано од нас како Парламент, како Собрание со една единствена цел да биде конкуренција, што значи информирање, што значи медиуми овде во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитуван генерален директор, почитувани пратеници,

Јас најнапред би сакал да истакнам тоа што по четири години на пленарна седница се разгледува Извештајот за работењето, односно за едногодишното работење на МРТ, што произлегува како законска одредба од Законот за основање на Јавното претпријатие МРТ член 18 точка 6. Таму е прецизно утврдено дека секоја година генералниот директор поднесува извештај и тука мислам дека ете, тие законски обврски на некој начин во претходните три години не се почитувани, нити

од страна на Собранието, нити од страна на претходниот генерален директор. Меѓутоа, со оглед дека денес го имаме овој извештај јас се надевам дека и во наредниот период, наредните години генералниот директор на МРТ ќе поднесува извештај, на што и јас како претседател на Комисија за транспорт и врски ќе инсистирам.

Но конкретно за самиот извештај очигледно е дека МРТ како систем претставува застарен систем. Застарен систем и тоа и во организациона и во технолошка и во техничка смисла. Најнапред во самиот извештај постои еден факт каква е организацијалната поставеност на овој систем. Статутот кој е донесен од понов датум со кој се регулираат внатрешната поставеност на организацијата. Меѓутоа, внатрешните акти каде што се Правилникот за организација и систематизација на работните места датира од 1989 година. И не е усогласен со новиот статут. Еве доволен податок дека во овој период едноставно не е усогласена внатрешната поставеност на МРТ.

Во однос на техничката смисла, од извештајот може да се констатира дека суште МРТ работи со аналогна техника. Знаете во денешно време кога во светот телекомуникациската и радиодифузната технологија конвергираат и тие закони кои што ја регулираат оваа област, се спојуваат. Ние имаме една ситуација која што е анахрона. Едноставно застарена технологија, застарена еве и амортизирана и по самиот извештај до 92%. Во самиот извештај може да се види дека некои уреди датираат како што кажа и колегата Ќенан Хасипи со музејска вредност од 1970 година, од 1974 година, и постои голема опасност да таквиот систем во одреден момент го прекине своето емитување особено на Македонското радио. И тука е неопходна потребата за поддршка и од Собранието и од Владата, во овој навистина критичен момент за МРТ. Меѓутоа, ако ги бараме причините за ваквите состојби сигурно се тие и внатрешни, меѓутоа
се тоа и законски причини, особено недореченостите во претходниот закон за радиодифузна дејност, особено во делот на финансирањето на оваа дејност и затоа и во заклчоците и на Комисијата, меѓутоа и како пратеник, бидејќи моето излагање е како пратеник, мислам дека треба да се направи нешто во најбрз можен рок за да се донесе ново законско решение со кое што ќе може да се најде постојан извор на финансирање на МРТ и не само неа, бидејќи по Законот за радиодифузија финансирањето на радиодифузната дејност и тоа не само на Македонската радио дифузија и на јавните локални радиодифузни друштва а исто така и по проекти за трговските радиодифузни друштва се финасираат од радиодифузната такса која што

знаеме како се прибира, меѓутоа битно е во наредниот период како да се најде ново, свежо решение каде што тие средства ќе се собираат и ќе бидат извор на финансирање на овие радиодифузни друштва.

Тука беше спомната и изработката на нов закон за радиодифузна дејност и точно е тоа, ние и како аспирација и како партии, и како коалиција кажевме дека во наредниот период сакаме и МРТ што е и барање и од Советот на Европа и од сите релевантни институции да стане јавен раадиодифузен сервис. Од тие причини се изработува нов закон за радиодифузна дејност, тој е веќе во јавна дебата и во наредниот период јас верувам, еден голем број од дискусиите тука што беа покренати прашања ќе бидат на некој начин задоволени со донесувањето на новиот закон за радио дифузна дејност.

И за крај да кажам дека ќе го поддржам овој извештај се разбира се надевам на подобри денови за МРТ а ние како Собрание во наредниот период мислам дека треба и се разбира да отвориме дебата за некоја фаза во наредниот период каде што е потребно да се зборува и за дигитализацијата на земската радиодифузија.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. На ред е сега Љупчо Балкоски, меѓутоа, имам сигнал од координаторот на ДПМНЕ, сакате процедурално, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам.

Потпретседателке јас би сакал да ве замолам бидејќи имаме партиска активност во 17,00 часот, од кој што неколку пратеници, јас и Балкоски и уште некој треба да присуствуваме на тој состанок во 17,00 часот, веќе седницата и така неможе да заврши до 17,00 часот, и така ќе биде закажана за следен ден би сакал да ми излезете во пресрет да ја прекинете сега седницата 154-20 минути пред терминот што ние редовно го одржуваме и така да во следниот ден ќе бидеме и приготвени за дискусија. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Вака, вие и пред малку и усно за ова ми се обративте, меѓутоа, мислам дека денеска толку малку имаме работено, што би било некако некоректно да ја прекинуваме седницата која и така и така не ја одработивме денеска. Јас би ве молела ако може за разбирање, да завршиме еве да речеме 5 или 10 минути порано, меѓутоа 20 минути порано, барем да, мислам дека треба да почитуваме некој ред, сепак ако е состанокот во Скопје, тоа е на два чекора од Собранието,

мислам дека не би било проблем, еве можеме ако другите се согласуваат да ја довршиме 5 минути пред 17,00 часот, тамам доволно да бидете навреме. Ако сакате сега збор има доколку ни останува пријавен господинот Љупчо Балкоски. Повелете.

ЉУПЧО БАЛКОСКИ:

Почитувани пратеници, по повод Извештајот за работа на Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија за периодот од март 2002-март 2003 година, уште на самиот почеток сакам да ја истакнеме поддршката на МРТ во насоката на развој на техничко-технолошкиот капацитет и во насока на воведување на новите технологии. Меѓутоа, сметам дека овој извештај треба да се подели во две точки и тоа: Извештај за работата на Македонската радиотелевизија во дадениот период, каде што има некои одредени забелешки и Програма за развој, инвестирање на Македонскатан радио телевизија а не штедење затоа што само со инвестиции може да направиме Македонската радиотелевизија да биде рамноправен партнер со сите други европски радио телевизии и за таа цел навистина треба заеднички да работиме и тоа не декларативно, туку со конкретни активности и конкретни рокови.

Јавното претпријатие МРТ веќе подолго време работи во многу лоши финансиски услови. Недостатокот на финансии во ова претпријатие е проблем за кој засега не се најде соодветно решение. Основниот извор на финансирање, радиодифузната такса која е воведена со Законот за радиодифузна дејност од 1997 година се покажа како неефикасно решение. Имаме појава на нејзина евазија односно намалување на реалицацијата. Тоа го истакна и директорката на Јавното претпријатие МРТ, така да во 1999 година процентот на нејзината наплата беше околу 70%, а на крајот од 2002 година, тој падна на 50%. Значи сакам да истакнам дека лошата финансиска состојба во Јавното претпријатие МРТ е од објективни причини и неповолните состојби во текот на повеќе години создадоа загуби и обврски. Сличен ваков извештај имаше на крајот од 1998 година кога се констатираше дека основно минусно салдо е од 480.218 иљади денари, а крајот на 2002 година е регистрирана загуба од 412 милиони денари во која се пресметани загубите кои се наследени од минатите години. И покрај континуираното влошување во делот на приходите во изминатите четири години, севкупните состојби и проблемите што се појавија во нашата држава ги зголемија реалните трошоци на јавниот информативен сервис.

Како прво, косовската, односно бегалската криза од 1999 година, претседателските избори во истата година, локалните избори во 2000-та година,

безбедносната и воената криза во Република Македонија во 2001 година и петто парламентарните избори во 2002 година, беа реални фактори кои предизвикаа зголемени трошоци, односно расходи и потреба од реални и ликвидни финансиски средства во услови на континуиран пад на приходите. Проблемите во ова претпријатие се мошне комплексни, јас во моментот немам увид како е со синдикалните притисоци сега во МРТ. Но, претходното раководство беше постојано под силни синдикални и социјални барања за редовно исплатување на платите и за нивно зголемување. На неколкупати ако се сеќавате имаше и штрајкови во Јавното претпријатие во МРТ во однос на платите.

Сакам да истакнам дека претходното раководство на МРТ и претходната влада работеше во насоки на решавање на финансиските тешкотии и во рамките на тие можности во тоа и се успеваше затоа што имаше одредени инвестиции техничко-технолошкиот капацитет на Македонската телевизија.

Морам да напоменам дека од мај 2000 година започна со работа и сателитскиот канал на МРТ, кој што е од особено значење на нашата држава и навистина треба да се даваат и треба многу да се инвестира во овој сателитски канал кој значеше дополнително финансиско оптоварување и во така лошата финансиска состојба на ова јавно претпријатие. Обемот на работа и обврските на Јавното претпријатие МРТ дополнително се зголеми со отпочнувањето на третиот канал на кој се емитуваат програмите на јазиците на етничките мнозински заедници во нашата држава, проект кој го подготви претходната Влада и кој стартуваше со работа во август минатата година. И покрај континуираното намалување на приходите на Јавното претпријатие имаме зголемување на функциите и обврските на Јавното претпријатие МРТ во обем, а тоа неминовно предизвика и зголемување на расходите.

Од друга страна, да напоменам дека во 1998 година МРТ имаше 1984 вработени, а во 2002 година имаме намалување на 570 вработени и тоа без примена на административни мерки. Нас навистина не загрижува рационализацијата само со отпуштање на вработените. Затоа што со отпуштањата не се решава вкупниот проблем. И навистина и сегашното раководство на МРТ ќе добие уште еден проблем повеќе а тоа е социјалниот проблем. Меѓутоа, морам да истакнам дека за целиот овој период, период со технички и финансиски тешкотии, вработените во МРТ максимално професионално ја извршуваа својата работа во функција на успешност на работењето на МРТ.

Состојбите во Јавното претпријатие навистина се лоши на секој план. Техничко-технолошката застапеност, кадровската просечна старост е исто така на висока граница, предизмензиониран просторен проблем кој генерира многу строшоци и слично. Затоа ние сме подготвени заеднички да бараме санирање на ваквите состојби и трајно систематско решавање на сите наталожени проблеми, со што Јавното претпријатие МРТВ, во иднина ќе може квалитетно и солидно да ги извршува своите функции на јавен сервис.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на господинот Балковски.

Има збор г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во своите излагања колегите, во она што значеше извештај за работата на МРТВ за период матр 2002 март 2003 година, повеќе од нив јас кажав и сега ќе се задржам на некои работи кои се пропуштени односно не им е дадено поголемо значење.

Стратешката определба на МРТВ е да го изразува поширокиот општествен и политички плурализам како и мулти културните вредности во Република Македонија, се она што е направено во МРТВ, посебно во последните години, со формирањето на Третиот канал на МРТВ, исто така и Третиот канал на Македонското радио плус сателитските програми, донесува една програма која за граѓаните на Република Македонија може да биде само добивка.

Слушајќи ги дискусиите на колегите, јас мислам најмногу забелешки доаѓаат од работата на Третиот канал кој беше пуштен во август 2002 година, точно кога се тие емитувани, каков е терминот, како се опремени и како се екипирани. Мислам дека за тоа може да се изнајде решение и дека со нивни диговор сето тоа може добро да функционира. Но, јас би имал една друга забелешка а се однесува за сегашната телевизија а и за сите претходни и идни. Тоа е местото на опозицијата.

Во овие избори 300 илјади луѓе гласаа да опозицијата. Тоа се некаде околу 500 илјади луѓе кои сакаа да го слушнат гласот на своите избрани претставници, а тука имаме еден проблем. Проблемот е во тоа што многу работи едноставно се блокирани и не можат да стигнат до луѓето кои треба да бидат информирани за сите овие работи. Мислам дека ќе може да се изнајде начин и на овој проблем да можеме да гледаме поинаку. Гледам дека господата реагираат, но

за последната ситуација во Електростопанство јас би сакал директно да се објасни што и каква е воопшто ситуацијата, но таква информација на доаѓа од никаде, се е блокирано. Имаме само една изворна информација, а тоа е директориумот на Елекстростопанство на Македонија. Тоа е едната работа.

Второ, во извештајот се наведува дека понатаму треба да го очекуваме работењето на локалните ТВ станици. Се работи за градови од по 100 илјади луѓе, како што е Битола, Куманово, Тетово. Ние не можеме да добиеме директна информација од лице место, со луѓето од градовите, меѓу кои сте и вие како пратеници, за да можеме да бидеме директно емитувани на Македонската телевизија. Тоа е многу тешко затоа што не е формирано ниту едно студио во овој претходен период, колку што функционира Македонската телевизија.

Слушаме дека треба да се инвестира во МРТВ и програмите кои што таа ги има. Тоа значи да се инвестира во играна програма, во филмска програма, документарна програма. Но, што се случува?

Во моментот од прославата на 100 годишнината на Илинденското востание добро е што некои филмови се снимани во 1973 и 1978 година и можеме да видиме, не знам која по ред реприза, за да можеме да видиме дека некогаш работела Македонската телевизија, и покрај тоа што била во некоја стара зграда каде воопшто не постоеле услови, од целата таа опрема, а колегите кажаа од 1974 година и од 1955 година, е префрлена во таа нова и убава зграда на МРТВ.

Мислам дека е неопходно и ова што кажа господинот Шапуриќ, конечно да се изврши таа трансформација на МРТВ, да претставува сервис на сите граѓани на Република Македонија. Но, опасноста се јавува секогаш, како во сите земји на транзиција, а тоа е да не се случи да дојде под политичката капа на било која партија која се наоѓа на власт, да се изврши таа трансформација на еден нерегуларен начин, како што се случи за многу општествени претпријатија претходно.

Во извештајот видовме дека Македонското радио и Македонската телевизија имаат амортизација некаде повеќе од 92%. Единствено нешто ново е направено тоа што е со програмата од Дојче Веле и добиени некаде околу 100 илјади евра инвестиција, со која се купени многу ситни работи со кои МРТВ изведува определена програма. Ова што го кажа г. Тромбев, во однос на аналогниот и дигиталниот систем, ние сега во овој свет на информации, во овој свет на телекомуникации каде ги примаме сите информации од сите светски известувачки групи и ТВ студија, во моментов МРТВ нема ни Веб страница. Значи ги немаме

основните информации каде што некои, да речам комерцијални телевизии во Македонија, како А-1, Сител, можеме да ги прочитаме во секое време. Значи, доаѓаме до една ситуација кога тоа навистина е неопходно и дека овој систем на МРТВ мора да се претвори во тој дигитален систем за да можеме да бидеме заедно со сите останати светски телевизии. Но, тоа е што го имаме, ова што го предлагаме и тоа што го гледаме како извештај.

Видовме дека загубата на МРТВ досега изнесува 24 милиони евра. Ова што во моментот е побарано како модернизација на МРТВ, изнесува, 13 милиони евра, а тоа е повеќе од половината долг кој  од постоењето на Македонската телевизија па досега е направен. Како ова ќе го решиме кога гледаме дека Владата на Република Македонија воспоставува еден рестриктивен буџет што ни основни работи од економијата не може да задоволи, а да не зборуваме за потребите на МРТВ што години station наназад никој не ги видел и никој не помогнал.

Би кажал нешто и за таксата.

Би сакал да кажам за два моменти кои се однесуваат на она што го добивме како информација. Тоа е дека наплатата во Електростопанство на Македонија изнесува 75% што воопшто не е точно, а дека наплатата на Македонската телевизија е 52%. Тргнувајќи од овие информации доаѓаме до еден заклучок што госпоѓата директорка на МРТВ го искажа, поради тоа што имаме наплата од 50%, значи секој месец имаме загуба некаде од 45 милиони денари. Јас мислам дека оваа бројка е доста сериозна. Значи само во првите 5 месеци направени се загуби од 240 милиони денари, што значи дека ја надминува бројката од скоро 2,5 пати, од оние загуби кои беа во 2002 година.

Јас гледам дека и во начинот на санација, она што е понудена на зградата под закуп, Парламентот како основач, мислам дека треба да поведе поголемо внимание бидејќи се работи за една зграда што во дадени моменти може да се понуди и едноставно, после тоа да ја нема, со разлижни трансакции како што немало многу други работи.

Мислам дека сите овие ревизии, заштеди на трошоци на автомобили, се премногу малку, во однос на оној вкупен долг што МРТВ го искажува во своите извештаи. Затоа ќе треба да се поведе многу поголемо внимание.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика има господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господинот Мавровски досега зборувал многу пати и кажал неточни работи, но денеска не можам а да не реплицирам.

Господине Мавровски веројатно не помисливте дека некој може да ви поверува, во изминатите 4 години што се случуваше со МТВ и позицијата на тогашната опозиција. Се надевам дека вие со сласт гледавте 4 години МТВ и веројатно никогаш не видовте никој од опозицијата присутен на МТВ. Навистина не ја разбирам оваа ваша инсунуиација, па сега барате опозицијата овде во извештајот. Ова е сосема друг извештај и се надевам дека сакате да мешате и она што вие сакате да го направите, да не вовлекувате политика во сето ова.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика има господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислам дека господинот Макрадули го зборува истото. Како опозиција било вака. Сега сме ние опозиција. Ако мисли дека многу не гледа на телевизија, има проблем, затоа што извештајот е март 2002 март 2003 година. Тоа е од октомври или ноември месец 2002 до март месец 2003 година. Не се работи за политика, се работи за промена на власта и сега нормално е дека како опозиција ... За вас сега е нормално ова што го гледате  и мислите дека е така, господине Макрадули. Ние вас многу ве гледаме на телевизија. Се надеваме дека некој од нашите претставници тука ќе стигне.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега ќе ја прекимене седница. Имаме многу дискутанти.

Ќе продолжиме во петок во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,55 часот).